САВА осигурување а.д. Скопје

Финансиски извештаи
за годината завршена на 31 декември 2015
со Извештај на независниот ревизор

SAVA OSIGURUVANJE
Акционерско друштво
Член на групацијата Сава Re

Годишен извештај за работењето за 2015 година на САВА осигурување а.д. Скопје

Скопје, Февруари 2016 година

Содржина:

I. ВОВЕД ... 2
1. ОБРАЌАЊЕ НА УПРАВАТА ... 2
2. МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ ... 3
3. ПОЗНАЧАЈНИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА ... 3
4. ПРОФИЛ И КРАТКА ИСТОРИЈА НА ДРУШТВОТО ... 4
4.1. Лична карта на Друштвото ... 4
4.2. Дејност на Друштвото ... 5
4.3. Позначајни случувања за 2015 година ... 7
II. КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ... 7
1. СЕВКУПНИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО И ЦЕЛИ КОИ СЕ ОЧЕКУВААТ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ... 7
1.1. Развојни цели во 2015 и подолгорочно ... 7
1.2. Исполнување на деловните цели ... 8
2. ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ... 8
3. МАТЕРИЈАЛНИ ФАКТОРИ НА РИЗИК ... 8
4. ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА ... 11
5. ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ ... 11
6. ИЗМЕНИ ВО ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА И ВО РЕЗУЛТАТИТЕ ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД ... 11
7. ПРОМЕНА ВО СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА ... 11
III. ОПИС НА СОСТОЈБАТА ВО СТОПАНСТВОТО ... 11
1. МАКРОЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА ВО 2015 И ОЧЕКУВАЊА ВО 2016 ... 11
2. МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ... 12
3. ЈАВНИ ФИНАНСИИ ... 12
IV. ОСИГУРИТЕЛЕН ПАЗАР ... 13
V. АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО ВО 2015 ... 14
1. ПРЕМИЈА ... 14
1.1. Број на склучени договори за осигурување ... 14
1.2. Полисирана премија ... 15
1.3. Структура на полисирана премија ... 16
1.4. Полисирана премија по дистрибуциски канали ... 17
1.5. Полисирана премија по региони и служби ... 17
2. ШТЕТИ ... 17
2.1. Број на ликвидирани штети ... 17
2.2. Износ на ликвидирани штети ... 18
2.3. Структура на штети ... 19
2.4. Ликвидирани штети по дистрибуциски канали ... 20
2.5. Ликвидирани штети по региони и служби ... 20
3. ШТЕТИ / ПРЕМИЈА (Loss Ratio) ... 20
4. РЕЗЕРВИРАНИ ШТЕТИ ... 22
4.1. Број на резервирани штети ... 22
4.2. Износ на резервирани штети ... 22
4.3. Структура на резервирвации на штети ... 23
5. РЕОСИГУРУВАЊЕ ... 24
6. ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ ... 24
6.1. Бруто технички резерви ... 24
6.2. Нето технички резерви ... 25
6.3. Структура на технички резервации ... 26
VI. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ... 27
1. РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО ... 27
VII. ФИНАНСИСКА ПОЛОЖБА ... 28
1. АКТИВА И ПАСИВА ... 28
2. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ ... 30
VIII. ОПИС НА ГЛАВНИТЕ ОПАСНОСТИ И НЕСИГУРНОСТИ СО КОИ СЕ СООЧУВАШЕ ДРУШТВОТО ... 30
IX. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ И СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА ... 31
X. РАЗВОЈ И ОЧЕКУВАН РАЗВОЈ ... 32
1. РАЗВОЈ ВО 2015 ... 32
2. ОЧЕКУВАН ИДЕН РАЗВОЈ ВО 2016 ... 33
3. ОДНОСИ СО СТРАНКИТЕ ... 34
XI. ОСТАНАТИ ПОДАТОЦИ ЗНАЧАЈНИ ЗА РАБОТЕЊЕТО ... 34
1. ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА ... 34
2. ПОДРУЖНИЦИ НА ДРУШТВОТО ... 35
3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОДАЖНАТА МРЕЖА ... 36
4. УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ... 37
4.1. ВРАБОТУВАЊЕ И СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ ... 38
4.1.1. Број на вработени во Друштвото ... 38
4.1.2. Број на вработени во Друштвото врз основа на типот на вработеност (скратено/полно работно време) ... 40
4.1.3. Вработени во Друштвото врз основа на степенот на образование ... 40
4.1.4. Вработени во Друштвото врз основа на возраст ... 41
4.1.5. Вработени во Друштвото врз основа на пол ... 41
5. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ ... 42
6. РАКОВОДНИ ЛИЦА ... 43
XII. ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА ... 43

I. ВОВЕД

1. ОБРАЌАЊЕ НА УПРАВАТА

Почитувани акционери, деловни партнери и соработници,

Ми претставува особена чест да Ви се обратам и да го искажам моето задоволство по успешно изминатата деловна година. Деловната 2015 година Сава осигурување ја заврши со позитивен финансиски резултат во износ од 27.913.568 денари. Со ова Друштвото реализираше пораст на добивката од 36,3% во однос на претходната 2014 година. Во текот на 2015 годината работењето беше под влијание на екстерни и интерни фактори, флуктуација на агенти, нелојална конкуренција и слично.

Главниот фокус на нашето работење се клиентите и нивното задоволство од нашите услуги. Креираме производи според потребите на клиентите – за потребите на населението, но и за унапредување на бизнисите од една страна и навремено и адекватно ги надоместуваме настанатите штети од друга страна.

Изминатата 2015 година измина во знакот на имплементација на неколку нови и за нас прилично значајни проекти.

Ја отворивме нашата прва станица за технички преглед Сава Стејшн, започнавме и развиваме успешна соработка со НЛБ Тутунска Банка која е застапник за продажба на сите наши продукти, пласиравме нови продукти во имотните осигурувања од обаласта на Земјоделието и имплементиравме сопствен Контакт Центар, кој покрај како гласник за нашите нови продукти, има едукативна улога на населението за осигурителните продукти, но е и инкубатор на нови продажни кадри во Друштвото.

Сите овие новитети во изминатата деловна година придонесоа Сава осигурување да ја утврди својата позиција на добар рејтинг на осигурителниот пазар на Република Македонија и да го надопонат квалитетот на услугите за нашите клиенти, кои секогаш се водилка до успехот. Несомнено, наш приоритет и за 2016 година нема да биде големината, туку квалитетот. Сите активности ќе бидат насочени кон максимизирање на капиталот на акционерите и остварување на целите на стеикхолдерите.

Сава осигурување континуирано негува одговорен однос кон околината во која живееме и работиме, дел од своето внимание редовно го насочува кон оние кои се на маргините на општеството и на кои им е потребна помош, притоа потврдувајќи ја сопствената определба да биде социјално одговорна компанија.

Групацијата Сава Ре обезбедува одлична реосигурителна поддршка, пристап до нови осигурителни продукти и трендови, сигурност, долгогодишно искуство и перспектива за воведување разни новини. Во таа смисла, Сава осигурување стана проект лидер за повеќе значајни проекти кои се веќе имплементирани кај мноштвото членки на групацијата.

На крај, би сакал да им се заблагодарам на сите кои го дадоа својот придонес за успешен деловен резултат на Сава осигурување, на вработените за посветеноста и професионалноста, на менаџментот за визијата и пожртвуваноста, на поддршката од групацијата Сава Ре од Љубљана и сите акционери, а особено на своите верни клиенти за соработката, разбирањето и меѓусебната лојалност.

Со почит,

Извршен директор

Петер Скварча,

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ

Мисија:

Обезбедуваме континуитет во сигурноста, ги следиме во чекор сите новитети и потреби на осигурителниот пазар , се со цел поуспешно и поефикасно работење на Друштвото.

Визија:

Да бидеме осигурително друштво кое на домашниот пазар ќе го препознаваат како сериозен партнер кој нуди услуги со највисок квалитет и сигурност.

Вредности:

Ние сме посветени кон клиентите, иновативни, професионални и етични, ние сме успешни во работењето, одговорни кон околината, ние имаме привржани и задоволни вработени и заедно го градиме угледот на Друштвото.

3. ПОЗНАЧАЈНИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА

Табела бр.1 – Најзначајни финансиски податоци 2015 *Во мкд*

САВА ОСИГУРУВАЊЕ АД	Реализација 2014	Реализација 2015	План 2015	Пад/пораст 2015/2014	План 2015 / Реал.2015
Пресметана осигурителна полисирана премија	666.646.270	**702.947.902**	730.210.513	5,4%	-3,7%
Пресметани ликвидирани штети	260.991.117	**294.864.915**	415.587.690	13,0%	-29,0%
Едноставен штетен количник на ден 31.12	39,1%	**41,9%**	56,9%	7,1%	-26,3%
Чисти приходи од премија	579.151.494	**611.962.443**	627.424.538	5,7%	-2,5%
Учество на нето премија во бруто полисирана премија	86,9%	**87,1%**	85,9%	0,2%	1,3%
Чисти расходи за штети	248.906.650	**288.328.606**	305.201.617	15,8%	-5,5%
Учество на нето штети во бруто штети	95,4%	**97,8%**	73,4%	2,5%	33,1%
Нето меродавен коефициент 31.12	43,0%	**47,1%**	48,6%	9,6%	-3,1%
Бруто меродавен коефициент 31.12	42,9%	**42,7%**	44,2%	-0,4%	-3,3%
Бруто трошковен коефициент	41,7%	**39,6%**	36,7%	-5,0%	7,9%
Нето трошоци на работење	287.826.809	277.892.489	265.634.875	-3,5%	4,6%
Нето трошковен коефициент	45,7%	**44,6%**	40,8%	-2,4%	9,4%
Бруто комбиниран коефициент	84,6%	**82,3%**	80,9%	-2,6%	1,7%
Нето комбиниран коефициент	88,7%	**91,8%**	89,4%	3,4%	2,6%
Нето комбиниран коефициент S&P	100,8%	**98,6%**	97,5%	-2,2%	1,1%
Биланс на состојба на ден 31.12	1.282.292.193	**1.296.360.947**	1.247.239.133	1,1%	3,9%
Капитал	258.396.121	**286.449.038**	297.943.261	10,9%	-3,9%
Учество на расположливиот капитал во нето приходи од премија	44,6%	**46,8%**	47,5%	4,9%	-1,4%
Просечна состојба на капиталот на 31. Декември	247.128.543	**272.422.579**	278.169.691	10,2%	-2,1%
Поврат на капитал (РОЕ) на ден 31.12	7,9%	**9,7%**	12,3%	23,0%	-20,7%
Нето осигурителни-технички резервации на ден 31.12	658.435.963	**696.382.855**	698.954.874	5,8%	-0,4%
Учество на нето резервации во нето приходи од премија	113,7%	**113,8%**	111,4%	0,1%	2,1%
Број на вработени на ден 31.12 (по еквивалент на полно работно време)	164	185,5	186,5	13,1%	-0,5%
Полисирана премијата по вработен	4.064.916	3.789.477	3.915.338	-6,8%	-3,2%
Деловен резултат пред оданочување	23.384.978	**31.416.495**	41.014.243	34,3%	-23,4%
Чист деловен резултат во пресметковниот период	20.476.134	**27.913.568**	36.625.234	36,3%	-23,8%
Нето профит во нето премија на ден 31.12 (ROR)	3,5%	**4,6%**	5,8%	29,0%	-21,9%

**Среден курс на НБРМ/1ЕУР=МКД 61.5947*

4. ПРОФИЛ И КРАТКА ИСТОРИЈА НА ДРУШТВОТО

САВА осигурување а.д. со седиште во Скопје е подредено друштво на Позаваровалница САВА д.д Љубљана, која има доминантно учество од 92,44% во неговиот акционерски капитал.

4.1. Лична карта на Друштвото

1.	Име:	САВА осигурување, а.д. Скопје
2.	Седиште:	Ул. Загребска бр.28 А, 1000 Скопје
3.	Телефон:	+389 (2) 5101 500
4.	Телефакс:	+389 (2) 5101 502
5.	Web страна:	www.sava.mk
6.	Матичен број:	4778529
7.	Основна дејност:	Неживотно осигурување
8.	Година на основање:	1993
9.	Основен капитал:	234.072.672 МКД (3.805.905 ЕУР)
10.	Број на обични акции	18.326
11.	Удел во капиталот:	Позаваровалница Сава, д. д. Љубљана: 92,44%
12.	Органи на управување:	*Извршен директор:* Петер Скварча *Главни оперативни директори:* Русе Дракуловски Ило Ристовски Одбор на директори: *Претседател:* Рок Мољк *Членови:* Петер Скварча, Милан Виршек, Јанез Јелникар, Полона Пирш Зупанчич Управувачка поврзаност: Подредено друштво

САВА осигурување, а.д. Скопје е основано како а.д. за осигурување ТАБАК – Скопје, на основачкото собрание одржано на 24.12.1993 година, со почетен капитал од 1 милион германски марки или 1000 обични акции со вредност од 1.000 ДЕМ по акција. После успешно спроведената втора емисија на акции, во текот на 1994 и 1995 година обезбеден е дополнителен капитал, со што вкупната главнина изнесувала 2.530.000 ДЕМ или 1.265.000 ЕУР. Со резервирање на 66,9% од остварената добивка во 2001 година и преку издавање на трета емисија на акции во 2002 година, акционерскиот капитал е зголемен за 3.010 акции, или за дополнителни 1.505.000 ЕУР.

Во 2006 година сопственичката структура била распределена на 21 акционер, а 10 од нив контролирале 81% од вкупниот број на акции.

Во почетокот на 2007 година SAVA RE Љубљана го откупила мнозинскиот пакет на акции, а во Ноември 2007 година Друштвото го промени името во Акционерко Друштво за осигурување САВА ТАБАК.

Во Јануари 2008 година извршена е четвртата емисија на акции во износ од 230.000 ЕУР, со која се емитирани 460 обични акции, со цел усогласување со новите измени и дополнувања на Законот за супервизија на осигурувањето. Со овие измени основачкиот капитал на Друштвото изнесува 3.000.000 ЕУР.

Од самиот почеток Друштвото успешно и рентабилно работи и поседуваше тренд на постојан раст и развој. На домашниот пазар Друштвото беше, и сеуште е, со одличен рејтинг и моментално четврто рангирана компанија по бруто полисирана премија, т.е. по пазарната концентрација меѓу домашните осигурителни компании (податок од Извештајот за обемот и содржината на работа на друштвата за осигурување за периодот 01.01-31.12.2015 година).

На 10–ти Ноември 2011 година Друштвото се ребрендираше и го промени своето име во САВА осигурување а.д. Скопје. Со тоа Друштвото се унифицираше во својот корпоративен идентитет и лого со останатите придружни друштва на групацијата Сава Ре.

Во август 2013 година Групацијата САВА РЕ стана сопственик на 100% од осигурителната компанија Заваровалница Марибор (Zavarovalnica Maribor) од Словенија, со што доживеа значајна трансформација и стана втората по големина осигурителна групација во регионот. Ова претставува остварување на важна стратешка цел – да се зацврсти позицијата на развиениот осигурителен пазар и да се воспостави бизнис модел кој е добро избалансиран во однос на локалните и светските трендови на осигурителниот пазар. Тоа се двата сегменти по кои групацијата ќе го очекува и најголемиот прилив, главно поради растот на премиите на осигурителниот пазар на Западен Балкан – чиј потенцијал е токму во неговата недоволна развиеност, а кој треба да обезбеди зајакнување на групацијата и поддршка на нејзината политика за дивиденда.

Со вклучувањето на новата членка Заваровалница Марибор, групацијата планира пораст на премијата од 15% за 2015 година и тоа, главно, на осигурителните пазари надвор од Словенија. Впрочем, главните цели на групацијата во наредните три години ќе бидат интеграцијата на осигурителниот пазар во Словенија и растот надвор од нејзините граници, поради што Сава Ре ќе биде во потрага по нови развојни можности во регионот.

На 22.12.2014 како целосна инвестиција на Друштвото беше основана станицата за технички преглед Сава Стејшн, која е уште една успешна приказна за словенечко-македонското партнерство и економска соработка. Сава Стејшн е нова членка на групацијата Сава Ре и проект на Сава осигурување а.д. Скопје. Станицата отпочна со работа во 2015 година со првичните резултати веќе ја зацврсти одличната позиционираност на Сава осигурување на македонскиот осигурителен пазар, но дава свој придонес во економскиот развој на општина Илинден, каде е лоцирана.

4.2. Дејност на Друштвото

САВА осигурување, а.д. Скопје обавува работи од дејноста на неживотно осигурување, со која обезбедува сигурност за клиентите, економска заштита на имотот, возилата и лицата од ризици и гарантира добро работење со капиталот.

Врз основа на Решение бр.18-23977/8-02 од 28.03.2003 година, Друштвото има дозвола за вршење на работи за осигурување во рамките на следните класи на осигурување:

- Осигурување од последици на несреќен случај-незгода;
- Здравствено осигурување кое не е покриено со задолжитленото здравтсвено осигурување;
- Осигурување на моторни возила (каско);
- Осигурување на шински возила (каско);
- Осигурување на воздухоплови (каско);
- Осигурување на пловни објекти (каско);

- Осигурување на стоки во превоз (карго);
- Осигурување на имот од пожар и природни непогоди;
- Други осигурувања на имот;
- Осигурувања од одговорност од употреба на моторни возила;
- Осигурувања од одговорност од употреба на воздухоплови;
- Осигурувања од одговорност од употреба на пловни објекти;
- Општото осигурување од одговорност;
- Осигурување на гаранции;
- Осигурување од финансиски загуби;
- Осигурување на правна заштита;
- Осигурување на туристичка помош за лица кои се соочуваат со проблеми при патување.

Основната дејност на Друштвото е поврзана со:

- склучување и исполнување на договори за неживотно осигурување;
- склучување и исполнување на договори за соосигурување;

Работењето се одвива преку:

- Сектор за развој и превземање на ризици;
- Сектор за продажба;
- Сектор за штети;
- Сектор за финасии и сметководство;
- Сектор за општи и правни работи;
- Самостојна служба за внатрешна ревизија;
- Самостојна служба за наплата;
- Самостојна служба за контролинг;
- Самостојна служба за актуарски работи,
- Самостојна служба за управување со ризици и
- Самостојна служба за ИТ.

Според обемот и видот на работата Секторите имаат оптимален капацитет за квалитетно извршување на работењето и располагаат со кадар кој има повеќегодишно искуство и знаење, потврдена стручност и компетентност за обавување на работите од областа на осигурувањето.

Стратешка определба на Друштвото е подобрување на квалитетот и перформансите во осигурувањето, и зголемување на учеството на осигурителниот пазар.

Делувањето на Друштвото е во согласност со принципите на корпоративното управување преку кое се изразува сигурност, доверба, транспарентност и рејтинг. Потврда за успешното работење се досегашните достигнувања на домашниот пазар и високата позиција во осигурителната дејност во државата.

4.3. Позначајни случувања за 2015 година

- Во текот на целата 2015 година редовно беа разгледувани од страна на Одборот на директори кварталните извештаи за измени во правната регулатива во Република Македонија, како и Извештаи за проценка на усогласеноста на Друштвото со прописите и се следеше остварувањето на препораките дадени од Секторот за општи и правни работи (compliance);
- Беа усвојувани нови акти на деловна политика или се вршеше измена и дополнување на постоечките;
- Беа усвојувани нови интерни акти на Друштвото или се усогласуваа постоечките со измените во законската регулатива и со изменетите оперативни процедури.

II. КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

1. СЕВКУПНИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО И ЦЕЛИ КОИ СЕ ОЧЕКУВААТ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

1.1. Развојни цели во 2015 и подолгорочно

Во 2015 година активно се работеше на воведување современи методи и организација на работење и на подобрување на квалитетот на осигурувањето. Исто така, динамично се развиваше процесот на воспоставување на сигурни и доверливи односи со клиентите. Проектот за непосредно и систематично поврзување со осигурениците и задоволување на нивните интереси, односно обликување на процесот на работење спрема потребите и интересите на клиентите, успешно се остварува.

Развојот на продажните места, во што ги вклучуваме регионалните канцеларии, осигурителните застапници и агенти, исто така преставува значаен проект на Друштвото, кој дава добри резултати. До крајот на 2015 година се отворени и опремени 41 канцеларии надвор од седиштето на Друштвото.

Традицијата и високиот рејтинг, заедно со кадровската екипираност, се основа за натамошен успешен развој на САВА осигурување.

Долгорочни развојни цели на Друштвото:

- Постојан развој и раст на Друштвото како афирмирана осигурителна компанија, која е силно етаблирана на македонскиот пазар;
- Заштита на интересите на акционерите, осигурениците и на вработените, одржување и зголемување на стабилноста и финансиската моќ;
- Поефикасно и подинамично работење и целосна ориентираност кон корисниците и пазарот;
- Зголемување на квалитетот и на финансиската сила на Друштвото;
- Зголемување на довербата и рејтингот на Друштвото и подобрување на перформансите на Друштвото;
- Поголема дисперзија на осигурителното портфолио и поголемо учество на мали и средни компании и граѓаните во портфолиото на Друштвото;
- Воспоставување на темелните процеси во новиот информациски систем;
- Унапредување на работењето и развивање модел на корпоративно управување.

1.2. Исполнување на деловните цели

Со оглед на тешкиот период на рефлексија од кризата која ја зафати глобалната економија пред неколку години, но и поради внатрешните промени и преструктуирања во Друштвото, годината што измина беше прилично активна. Утврдената стратегија на Друштвото во однос на реализација на премијата за 2015 година е под планираните вредности за околу 3,74%, но во однос на ликвидацијата на штетите планот на ликвидации е подфрлен за 29,05%.

Се правеа големи напори и главните активности беа насочени кон остварување на следните принципи во осигурителното работење:

1. Квалитетни услуги кои ќе ги задоволат потребите на осигурениците;
2. Постојана ликвидност во работењето;
3. Задржување на постоечкиот обем на работа и зголемување на осигурителното портфолио со придобивање на нови осигуреници;
4. Афирмирање на работењето, обезбедување поповолни услови на осигурување и поповолна коњуктура, работа според пазарните услови и постоечката конкуренција;
5. Максимална сигурност во исплатата на штетите на осигурениците и нивна што пореална проценка, за да се заштитат и задоволат интересите на осигурениците;
6. Зголемување на ангажираноста, професионалноста и лојалноста на вработените во вршењето на осигурителните услуги;
7. Прилагодување на условите и тарифите во согласност со техничкиот резултат;
8. Развивање и јакнење на софтверската поддршка;
9. Одржување на финансиската стабилност и обезбедување на профит за акционерите и за Друштвото.

2. ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ

Врз основа на член 36 од Статутот на САВА осигурување, а.д. од Скопје, Собранието на акционери на седница, одржана на 02.10.2015 година донесе одлука **Ернст и Јанг - Овластени Ревизори ДОО** Скопје да биде Друштво за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2015 година на САВА осигурување а.д. Скопје. Врз основа на Одлуката Друштвото побара согласност од АСО за Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје да врши ревизија на финансиските извештаи на Друштвото.

3. МАТЕРИЈАЛНИ ФАКТОРИ НА РИЗИК

САВА осигурување ја креира политиката за управување со ризикот согласно прописите за управување со ризикот, според Законот за супервизија на осигурување, водејќи сметка за потребното ниво на обемот на капиталот, маргината на солвентноста, износот на техничките резерви, вредноста на средствата, вложувања и локализацијата на средствата кои ги покриваат техничките резерви.

Органот на управување ги идентификува, мери и проценува ризиците на кои е изложено Друштвото во своето работење, односно управува со истите така што се обезбедува трајно одржување на степенот на изложеност на ризици, без притоа да го загрози капиталот и работењето на Друштвото. Воедно, обезбедува соодветна заштита на интересите на

осигурениците, корисниците на осигурувањето, третите оштетени лица и другите доверители на Друштвото, во согласност со Законот, останатите прописи и донесените акти.

Во 2015 година Друштвото пренесе дел од ризиците во реосигурување од обврските што произлегуваат од договорите за осигурување, кои се над износот на максималното покритие во реосигурувањето согласно член 99 од Законот за супервизија на осигурувањето.

Процедурите, инструкциите, постапките и дејствата со кои Друштвото управува со ризикот опфаќаат квалитативен и квантитативен начин на управување со тој ризик.

Управувањето со ризиците е во согласност со прописите, правилата на струката, добрите деловни обичаи и деловната етика.

Друштвото во своето работење е изложено на следните ризици:

- ✓ Ризик на капиталска адекватност
- ✓ Ризик од осигурување
- ✓ Пазарен ризик
- ✓ Оперативен ризик
- ✓ Ликвидносен ризик
- ✓ Кредитен ризик
- ✓ Стратегиски ризик

Органот на управување и раководните лица преземаат мерки за отстранување на наведените ризици и со нив управуваат на следниов начин:

✓ *Ризик на капиталска адекватност*

Потребното ниво на маргината на солвентност на 31.12.2015 година изнесува 111.483.539 денари, со што АД за осигурување Сава, Скопје, го исполнува условот од член 75 став 1 од Законот за супервизија на осигурување, односно капиталот на друштвото е поголем од потребното ниво на маргината на солвентност. Суфицитот на капиталот е 137.029.061 денари (или 122,9%).

Воедно, друштвото го задоволува условот од член 77 од ЗСО во однос на гарантниот фонд, при што суфицитот на капиталот изнесува 63.728.500 денари (или 34,5%).

✓ *Ризик од осигурување*

Друштвото ги елиминира и смалува ризиците на осигурување на тој начин што се прави адекватна процена на ризикот кој се превзема во осигурувањето. Воедно, Друштвото се грижи за адекватно одредување на премијата, како од аспект на висината, така и во однос на структурата.

САВА осигурување адекватно го утврдува и нивото на самопридржајот, при што вишокот на ризик над самопридржајот го пренесува во реосигурување. Друштвото настојува да изабере оптимално реосигурување и при тоа многу се води сметка за рејтингот на реосигурувачот.

Исто така, Друштвото адекватно ги утврдува техничките резерви, при што, како и до сега, на овој ризик му се пристапува со големо внимание. Ова се обезбедува со употреба на прилагодени актуарски методи и анализи.

- ✓ *Пазарен ризик*

При прилагодувањето, спрема барањата на корисниците на услугите од осигурувањето, Друштвото води сметка за нивната адекватност. Воедно, Друштвото се спротиставува на нелојалната конкуренција, во согласност са прописите, кои ја регулираат оваа област.

САВА осигурување ги превзема сите можни мерки да обезбеди адекватно управување со имотот и обврските. При тоа, посебно се води сметка да се обезбеди адекватна заштита од промена на каматните стапки, промена на цената на хартиите од вредност, промена на цената на некретнината и др.

- ✓ *Оперативен ризик*

Друштвото перманентно ги проверава внатрешните процедури и прописи, со што се отстрануваат и намалуваат можностите за пропусти во работењето. Воедно, се настојува на добра организациска поставеност и систематизација на работните места.

- ✓ *Ликвидносен ризик*

Друштвото перманентно ја следи солвентноста и ликвидноста на компанијата во работењето, соодветно управува со средствата и обврските. Врши правилна проценка, евидентирање, презентирање и транспарентност во објавување на вредноста на средствата, изворите на средства, како и приходите, расходите и разутатите од работење.

- ✓ *Кредитен ризик*

Друштвото перманентно го следи ризикот од неисполнување на обврските- ризик дека издавачот на обврзници нема да е во можнст во целост да ја подмири обврската. Исто така континуирано се следи ризикот од намлување на кредитниот рејтинг на коминтентите.

- ✓ *Стратегискиот ризик*

Страдегискиот ризик Друштвото го контролира и упавува на тој начин што врши следење и отсранување на можностите од појава на ризик од неочекуван пад вредноста на компанијата како резултат на негативен ефект од менаџерска одлука, промени на бизнис средината како и промена во развојот на пазарната економија.

Постојниот информатички систем постојано се надградува и прилагодува спрема потребите на Друштвото.

4. ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

Друштвото во 2015 година изврши избор на реосигурителна компанија со намера во 2016 година да бидат склучени повеќе договори за реосигурување со Позаваровалница САВА д.д. кои се однесуваат на 2016 година со кои се врши реосигурување на ризиците на САВА осигурување кои се над максималното покритие на компанијата, и тоа:

1. Property and Technical branches surplus treaty reinsurance agreement-Пропорционален договор за имотно реосигурување на вишок на ризик,

2. Property & Engineering Risk XL Treaty-Непропорционален вишок на штети договор за имотно осигурување,

3. Earthquake Quota Share Treaty-Пропорционален договор за имотно осигурување за ризикот земјотрес,

4. Catastrophe Excess of loss-Непропорционален вишок на штети договор за реосигурување на катастрофални штети,

5. Crops Quota Share Quota Share Treaty-Пропорционален договор за имотно осигурување на посеви и плодови,

6. Domestic and Green card XL MTPL -Непропорционален вишок на штети договор за осигурување на домашна автоодговорност и зелен картон.

5. ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ

Во 2015 година Друштвото нема склучено голема зделка.

6. ИЗМЕНИ ВО ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА И ВО РЕЗУЛТАТИТЕ ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

Во 2015 година не настанале промени во основната главнина на Друштвото, па соодветно на тоа немало никаво влијание од таков карактер на резултатите на друштвото.

7. ПРОМЕНА ВО СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА

Во 2015 година не настанале промени во акционерската книга на Друштвото.

III. ОПИС НА СОСТОЈБАТА ВО СТОПАНСТВОТО

1. МАКРОЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА ВО 2015 И ОЧЕКУВАЊА ВО 2016

Меѓународно економско окружување. Со октомвриските проекции на ММФ направена е надолна корекција на глобалниот раст. На годишно ниво се предвидува да изнесува 3,1% во 2015 година, во 2016 се очекува да достигне 3,6%. На глобално ниво не се очекуваат позначителни инфлациски притисоци.

Македонска економија. Најновите проекции во однос на растот на македонската економија се променети во надолна насока. Се очекува економскиот раст за 2015 година да изнесува 3,2% (претходно проектиран 4,1%), за 2016 би изнесувал 3,5% (претходно проектиран 4,5%).

Се оценува дека неповолните ризици, оние кои произлегуваат од надворешното окружување како и ризиците коишто се последица на домашните политички случувања, ја забавуваат динамиката на закрепнување на домашната економија.

<u>Вработеност и плати</u> - Според податоците на Државниот завод за статистика, во III тримесечје од 2015 година активното население во Р. Македонија брои 954.610 лица од кои вработени се 711.380, а 243.230 лица се невработени. Стапката на активност во овој период е 56,9%, стапката на вработеност 42,4%, додека стапката на невработеност 25,5%.

Просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во ноември 2015 година изнесува 32.268 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 21.976 денари.

Притоа, забележано е влошување на трошочната конкурентност на економијата, побрз годишен раст на платите од растот на продуктивноста на трудот, тенденција присутна четири последователни квартали.

Инфлација - Се очекува просечната годишна инфлација до крајот на 2015 година да биде околу нулата, во 2016 да се движи околу 1,5%.

Биланс на плаќање - Во 2015 година дефицитот на тековната сметка на билансот на плаќања би изнесувал 0,5% од БДП. Се очекува дека дефицитот во тековните трансакции ќе достигне 1,9% од БДП во 2016 година. Наспроти високите приливи во претходната во тековната година пеку финансиската сметка се очекуваат нето-одливи. Се очекува на крајот на 2015 година задолжување на државата на меѓународниот пазар на капитал за 350 милиони евра поради потребата за навремено отплаќање на обврските врз основа на надворешен долг.

На крајот од второто тримесечје од 2015 година состојбата на бруто девизните резерви изнесува 2.254,8 милиони евра, што претставува пад од 100 милиони евра на квартална основа. Бруто надворешниот долг изнесува 6.342,2 милиони евра или 70,8% од БДП. Учеството на бруто надворешниот долг во БДП е показател којшто ја класифицира економијата во групата на високо задолжени земји.

2. МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

Во текот на четвртиот квартал на 2015 година, НБРМ ја задржа основната каматна стапка на нивото од 3,25%. Наспроти оцената за соодветност на постојното ниво на основната каматна стапка, следењето на движењата во банкарскиот систем и оцената на потенцијалните ризици упати на потреба од преземање целни, макропрудентни мерки, коишто имаат превентивен карактер.[1]

Поради послабото темпо на раст на депозитите од очекуваното, стапките на кредитниот раст се ревидирани во надолна насока од 9% и 10% во 2015 и 2016 година, соодветно, на 7,7% во 2015 година и слично темпо во 2016 година. Во октомври 2015 година каматните стапки на денарските и на девизните кредити изнесуваат 6,9% и 5,8%, соодветно. Каматната стапка на денарските депозити се задржа на нивото од 2,7%, а каматната стапка на девизните депозити на нивото од 1,1%.

3. ЈАВНИ ФИНАНСИИ

Во период јануари – октомври 2015 година,

- вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 131.491 милиони денари, што претставува раст за 11,2% во однос на истиот период 2014 година.
- вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 146.230 милиони денари, што е за 7,2% повеќе во однос на 2014 година.
- во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 14.739 милиони денари.

[1] На седницата на Советот на НБРМ, одржана на 17.12.2015 година, НБРМ донесе пакет- мерки насочени кон забавување на високиот раст на долгорочните потрошувачки кредити, олеснување на пристапот до финансиски услуги за корпоративниот сектор, а беше продолжена и важноста на нестандардната мерка насочена кон поддршка на кредитирањето на нето- извозниците и домашните производители на електрична енергија.

IV. ОСИГУРИТЕЛЕН ПАЗАР

Пазарот на осигурување во Р. Македонија во последните неколку години бележи тренд на пораст, раст на бруто полисираната премија, бројот на вработени. Овој тренд се должи пред сè на зголемената понуда на нови продукти, подобрување на продажната услуга на друштвата за осигурување од една страна и зголемената свесност на физичките и правни лица за потребата од осигурување од друга страна.

Во 2015 година на пазарот на осигурување во Република Македонија има 15 друштва за осигурување, 11 од нив вршат работи на неживотно осигурување, додека останатите 4 друштва за осигурување работат на осигурување на живот. На пазарот на осигурување се регистрирани 31 осигурителни брокерски друштва и 11 друштва за застапување во осигурување.

Сите осигурителни друштва се под законска надлежност на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, која започна со својата работа во 2009 година.

Друштвата за осигурување се во доминантна сопственост на странски правни лица од финансиски сектор, кои се делумно или целосно присутни во 14 од вкупно 15 друштва за осигурување на пазарот, само едно друштво за осигурување е во целосна сопственост на домашни инвеститори.

Пазарот на осигурување според показателите, степен на пенетрација и степен на густина се карактеризира како не доволно развиен, но со оглед на тоа дека во последните неколку години важноста на компаниите за осигурување како дел од финансискиот сектор значително се зголеми постои голем потенцијал за негов развој. Степенот на пенетрација на осигурувањето во 2014 година покажуваат дека вкупната бруто полисирана премија во земјата учествува со 1,45% во бруто домашниот производ, додека степенот на густина изнесува 3.694 денари по жител.

На осигурителниот пазар во Македонија ниту едно друштво не го поминува прагот од над 20% учество на пазарот. Во период 01.01.2015-31.12.2015 Сава осигурување а.д. Скопје учествува со 9,79% во вкупната бруто полисирана премија неживотно осигурување, во тој контекст е четврторангирана компанија.

Сава осигурување а.д. Скопје во истиот период има остварено бруто полисирана премија во износ од 702 милиони денари (2014: 666 милион денари) односно зголемување од 5,45% во однос на истиот период минатата година.

Со својата стратешка определба на диферзификација на ризикот и преструктуирање на портфолиото, веруваме дека Сава осигурување ќе прерасне во квалитетна осигурителна компанија со стабилен раст. Со тоа ќе ја задржиме стекнатата позиција на пазарот со мал тренд на зголемување во текот на годините.

Табела бр.2 - Бруто полисирана премија 2015 година (000 мкд)

Осигурителни компании во РМ		31-12 2014		31-12 2015		2015 vs 2014	
		Премија	% учество	Премија	% учество	Износ пад/пораст премија	% пад/пораст премија
1	Триглав	1.144.928	16,98%	1.294.416	18,03%	149.488	13,06%
2	Македонија	867.763	12,87%	923.428	12,86%	55.665	6,41%
3	Еуролинк	696.008	10,32%	881.797	12,28%	185.789	26,69%
4	Сава	666.646	9,89%	702.948	9,79%	36.302	5,45%
5	Винер	703.263	10,43%	683.537	9,52%	-19.726	-2,80%
6	Уника	629.069	9,33%	680.379	9,48%	51.310	8,16%
7	Осигурителна Полиса	611.660	9,07%	586.191	8,17%	-25.469	-4,16%
8	Евроинс	511.404	7,59%	541.416	7,54%	30.012	5,87%
9	Албсиг	382.236	5,67%	357.716	4,98%	-24.520	-6,41%
10	Кроација	336.707	4,99%	329.874	4,60%	-6.833	-2,03%
11	Инсиг	191.410	2,84%	197.070	2,75%	5.660	2,96%
Вкупно премија неживотно осигурување		**6.741.094**	**88,36%**	**7.178.772**	**86,78%**	**437.678**	**6,49%**
12	Македонија	384.706	43,31%	484.429	44,31%	99.723	25,92%
13	Кроација	371.554	41,83%	435.289	39,81%	63.735	17,15%
14	Граве	83.209	9,37%	114.396	10,46%	31.187	37,48%
15	Винер	46.741	5,26%	59.167	5,41%	12.426	26,58%
16	Уника	2.119	0,24%	0	0,00%	-2.119	-100,00%
Вкупно премија животно осигурување		**888.329**	**11,64%**	**1.093.281**	**13,22%**	**204.952**	**23,07%**
Вкупно		**7.629.423**	**100,00%**	**8.272.053**	**100,00%**	**642.630**	**8,42%**

Извор: ***Национално Биро за осигурување на Р.Македонија***

V. АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО ВО 2015

1. ПРЕМИЈА

1.1. Број на склучени договори за осигурување

Во периодот од 01.01. до 31.12.2015 година САВА осигурување склучи 181.042 полиси, што преставува зголемување на бројот на полиси за 12.117 во однос на претходната година или пораст од 7,2% во однос на 2014 година. Бројот на полиси е зголемен поради фактот што Друштвото продолжи со минатогодишниот тренд на диверификација на ризикот во портфолиото и реализираше значајни проекти во изминатат 2015 година кои придонесоа за зголемен обем на работа, а со тоа и зголемен број на склучени осигурувања. Најголемо зголемување на бројот на полиси Друштвото реализираше во класата Незгода. Ова зголемување делумно е резултат на новиот производ отпочнат со продажба во јуни 2014 година - АО+, кој поинтензивно почна да се продава од септември 2014 година, но и поради отпочнатат соработка со НЛБ Тутунска Банка а.д. Скопје, како застапник во осигурувањето за сите класи на осигурување за Друштвото. Намалување во бројот на полиси Друштвото бележи во класата Автоосигурување како резултат на намалениот интензитет на соработка со Брокерските Друштва. Во класите на имотните осигурувања, Друштвото исто така бележи пораст во бројот на осигурувања од соработката со НЛБ Тутунска Банка а.д. Скопје и новите продукти во Земјоделието. Зголемувањето на патничките осигурување е генерален тренд на осигурителниот пазар изминатата деловна година. Напорите за зголемување на обемот на работа Друштвото ќе ги негува и во претстоечките периоди и ќе се стреми кон градење на порфолио со дисперзиран ризик и поквалитетни осигурувања.

Табела бр.3 - Број на полиси

Видови на осигурување	Број на полиси 01.01-31.12.2014	%	Број на полиси 01.01-31.12.2015	%	Индекс 2015/2014	Ралика 2015-2014
Осигурување од незгода	34.820	20,6%	**40.016**	22,1%	114,9	5.196
Здравствено осигурување	193	0,1%	**166**	0,1%	86,0	-27
Осигурув. на патнички возила(каско)	5.507	3,3%	**5.457**	3,0%	99,1	-50
Осигурување на пловни објекти (каско)	8	0,0%	**7**	0,0%	87,5	-1
Осигурување на стока превоз (карго)	254	0,2%	**200**	0,1%	78,7	-54
Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	5.828	3,5%	**7.952**	4,4%	136,4	2.124
Останати осигурувања на имот	8.156	4,8%	**10.123**	5,6%	124,1	1.967
Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	66.645	39,5%	**63.735**	35,2%	95,6	-2.910
Осигурув. од одговорност пловни објекти	158	0,1%	**310**	0,2%	196,2	152
Осигурување од општа одговорност	287	0,2%	**310**	0,2%	108,0	23
Гаранциско осигурување	15	0,0%	**13**	0,0%	86,7	-2
Финансиски штети	22	0,0%	**46**	0,0%	209,1	24
Осигурување на туристичка помош	47.032	27,8%	**52.707**	29,1%	112,1	5.675
ВКУПНО	**168.925**	**100,0%**	**181.042**	**100,0%**	**107,2**	**12.117**

1.2. Полисирана премија

Во 2015 година САВА Осигурување исполисира премија во износ од 702.947.902 денари (€ 11.411.492) и реализираше пораст во однос на мината година од 36.301.633 денари (€ 589.312) или пораст од 5,4% во однос на полсираната премија во 2014 година. Годишниот план на премија е подфрлен со 3,7%, или помалку полисирана во однос на планирана премија за -27.262.611 денари (-€ 442.575).

Остварената премија на Друштвото, по вработен, во 2015 година изнесува 3.789.477 денари (€ 61.517) и истата е помала во однос на минатата 2014 година за -275.440 денари (-€ 4.471) по вработен. Премијата по вработен во 2015 година е намалена поради падот зголемениот број на вработени во 2015 година, поради новите реализирани проекти. Реално, премијата по вработен реално бележи пораст, доколку се земат во предвид овој факт.

Табела бр.4 - Брито полисирана премија *Во мкд*

Видови на осигурување	Бруто полисирана премија 2014	%	**Бруто полисирана премија 2015**	**%**	*Планирана бруто полисирана премија 2015*	%	Индекс 2015/2014	2015/План 2015
Осигурување од незгода	47.749.806	7,2%	**52.453.492**	**7,5%**	*49.737.896*	6,8%	109,9%	105,5%
Здравствено осигурување	1.775.363	0,3%	**1.366.347**	**0,2%**	*1.778.374*	0,2%	77,0%	76,8%
Осигурув. на патнички возила(каско)	95.565.182	14,3%	**94.010.109**	**13,4%**	*98.286.628*	13,5%	98,4%	95,6%
Осигурување на пловни објекти (каско)	243.160	0,0%	**155.023**	**0,0%**	*249.081*	0,0%	63,8%	62,2%
Осигурување на стока превоз (карго)	3.033.590	0,5%	**2.481.686**	**0,4%**	*2.745.452*	0,4%	81,8%	90,4%
Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	57.937.579	8,7%	**62.320.630**	**8,9%**	*81.124.673*	11,1%	107,6%	76,8%
Останати осигурувања на имот	66.122.184	9,9%	**95.896.974**	**13,6%**	*83.862.254*	11,5%	145,0%	114,4%
Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	357.524.322	53,6%	**353.808.951**	**50,3%**	*372.912.031*	51,1%	99,0%	94,9%
Осигурув. од одговорност пловни објекти	623.112	0,1%	**914.117**	**0,1%**	*709.647*	0,1%	146,7%	128,8%
Осигурување од општа одговорност	11.987.413	1,8%	**11.873.524**	**1,7%**	*12.523.764*	1,7%	99,0%	94,8%
Гаранциско осигурување	112.695	0,0%	**88.066**	**0,0%**	*96.997*	0,0%	78,1%	90,8%
Финансиски штети	1.893.232	0,3%	**3.801.821**	**0,5%**	*2.294.346*	0,3%	200,8%	165,7%
Осигурување на туристичка помош	22.078.629	3,3%	**23.777.162**	**3,4%**	*23.889.372*	3,3%	107,7%	99,5%
ВКУПНО	**666.646.270**	**100,0%**	**702.947.902**	**100,0%**	***730.210.513***	**100,0%**	**105,4%**	**96,3%**

1.3. Структура на полисирана премија

Осигурителното портфолио на Друштвото е стабилно профилирано и дисперзирано по сите видови на осигурување. Имотното осигурување *(од пожар и останат имот)* учествуваат со 22,5% во вкупното осигурување, осигурувањето од одговорност на моторни возила со 50,3%, каско осигурувањето со 13,4%, незгодата со 7,5% и осигурувањето на туристичка помош учествува со 3,4% во вкупното портфолио на Друштвото.





1.4. Полисирана премија по дистрибуциски канали

Структурата на премијата спрема продажни канали покажува дека 82,4% од вкупната премија е остварена од сопствената продажна мрежа (Комерцијалисти, Сопствени застапници и Агенции) , а остатокот од 17,6% од надворешната продажна мрежа, што во однос на минатата година покажува тренд на зголемување на продажбата преку сопствени канали на продажба, и тоа за 10%.





1.5. Полисирана премија по региони и служби



2. ШТЕТИ

2.1. Број на ликвидирани штети

Во 2015 година ликвидирани се 5.313 штети со што е остварен пораст на бројот на ликвидирани штети за 3,6% или ликвидирани се 185 штети повеќе од 2014 година.

Најголемо намалување на бројот на штетите е во класата 10 – Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила. Зголемување на бројот на ликвидации Друштвото бележи во класите на имотни осигурување, а тие се главно последица на бројните штети пријавени како резултат на поплавите кои се случија во текот на 2015 година.

Во 2015 година отворени судски предмети се вкупно 62, што во однос на 2014 година претставува пад, кога имавме состојба од 84 судски предмети.

Во однос на регресните постапки (билансни), во 2015 година постапено е по 99 регреси. Оваа состојба е помала во однос на 2014, кога е постапено по 120 регресни предмети.

Табела бр.5 - Број на штети

Видови на осигурување	Број на број на штети 01.01-31.12.2014	%	Број на број на штети 01.01-31.12.2015	%	Индекс 2015/2014	Ралика 2015-2014
Осигурување од незгода	562	11,0%	**564**	10,6%	100,4%	2
Здравствено осигурување	19	0,4%	**18**	0,3%	94,7%	-1
Осигурув. на патнички возила(каско)	962	18,8%	**950**	17,9%	98,8%	-12
Осигурување на пловни објекти (каско)	1	0,0%	**0**	0,0%	0,0%	-1
Осигурување на стока превоз (карго)	1	0,0%	**1**	0,0%	100,0%	0
Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	97	1,9%	**99**	1,9%	102,1%	2
Останати осигурувања на имот	686	13,4%	**811**	15,3%	118,2%	125
Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	2.380	46,4%	**2.232**	42,0%	93,8%	-148
Осигурување од општа одговорност	18	0,4%	**13**	0,2%	72,2%	-5
Финансиски штети	0	0,0%	**4**	0,1%	0,0%	4
Осигурување на туристичка помош	402	7,8%	**621**	11,7%	154,5%	219
ВКУПНО	**5.128**	**100,0%**	**5.313**	**100,0%**	**103,6%**	**185**



2.2. Износ на ликвидирани штети

Во извештајниот период ликвидирани се штети во износ од 294.864.915 денари (€ 4.786.768), што е за 13% повеќе споредено со истиот период претходната година или пораст од 33.873.798 денари (€ 549.899) од година на година.

Планираниот износ на ликвидациите одстапува од реализацијата на ликвидираниот износ за -120.722.775 денари (-€ 1.959.785) или 29% помалку реализирани ликвидации од планирани за 2015 година. Причина за одстапувањето помеѓу планираниот и реализираниот износ се во најголем дел штети планирани да се ликвидираа во класата 13-Општа одговорност кои се резервирани веќе подолг период, и кои во поголем износ ќе останат во планот за ликвидација за 2017 година.

Табела бр.6 - Бруто ликвидирани штети (со вклучени регреси)

Во мкд

Видови на осигурување	Бруто ликвидиран износ 2014	%	**Бруто ликвидиран износ 2015**	%	*Планиран бруто ликвидиран износ 2015*	%	Индекс 2015/2014	2015/План 2015
Осигурување од незгода	19.667.727	7,5%	**18.840.946**	6,4%	*23.777.305*	5,7%	95,8%	79,2%
Здравствено осигурување	340.593	0,1%	**333.708**	0,1%	*798.905*	0,2%	98,0%	41,8%
Осигурув. на патнички возила(каско)	55.962.877	21,4%	**56.285.429**	19,1%	*45.389.085*	10,9%	100,6%	124,0%
Осигурување на пловни објекти (каско)	106.383	0,0%	**0**	0,0%	*60.000*	0,0%	0,0%	/
Осигурување на стока превоз (карго)	475.874	0,2%	**58.599**	0,0%	*600.000*	0,1%	12,3%	9,8%
Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	11.378.971	4,4%	**23.365.345**	7,9%	*27.354.791*	6,6%	205,3%	85,4%
Останати осигурувања на имот	20.068.660	7,7%	**42.078.665**	14,3%	*30.372.111*	7,3%	209,7%	138,5%
Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	136.019.770	52,1%	**131.339.148**	44,5%	*155.685.163*	37,5%	96,6%	84,4%
Осигурување од општа одговорност	9.685.159	3,7%	**12.393.909**	4,2%	*123.415.378*	29,7%	128,0%	10,0%
Финансиски штети	0	0,0%	**8.938**	0,0%	*0*	0,0%	/	/
Осигурување на туристичка помош	7.285.102	2,8%	**10.160.229**	3,4%	*8.134.952*	2,0%	139,5%	124,9%
ВКУПНО	**260.991.117**	**100,0%**	**294.864.915**	**100,0%**	***415.587.690***	**100,0%**	**113,0%**	**71,0%**



2.3. Структура на штети

Структурата на ликвидациите на Друштвото во 2015 година во најголем дел се состои од класата на задолжителните осигурувања АО (44,5%), потоа следи Каско со 19,1%. Имотното осигурување *(од пожар и останат имот*) заедно учествуваат со 22,2% во вкупното осигурување, незгодата со 6,4% и Осигурувањето од општа одговорност со 4,2% во вкупното портфолио ликвидации на штети на Друштвото во 2015 година.





2.4. Ликвидирани штети по дистрибуциски канали

На основа на премија на внатрешната продажна мрежа Друштвото ликвидирало 80,1% од вкупните ликвидирани штети, а останатиот дел е од Надворешната продажна мрежа (19,9%), и тоа кај Брокерите 18,9%, незначајни 1% кај Останатите продавачи.



2.5. Ликвидирани штети по региони и служби



3. ШТЕТИ / ПРЕМИЈА (Loss Ratio)

Вкупното учеството на бруто ликвидираните штети во бруто полисираната премија изнесува 41,9%, и истото е зголемено во споредба со претходната година за 2,8 п.п..Во однос на планираниот штетен коефициент, се забележува значително подобрување, и тоа помал реализиран штетен коефициент 15 п.п.. Штетниот резултат изнесува 408.082.987 денари (€6.624.724), и во споредба со 2014 година е подобрен за 2.427.835 денари (€39.413).

Внатрешната продажна мрежа во вкупниот штетен резултат има учество 84,1% (343.119.761 денари), додека останатиот дел е реализиран од надворешната продажна мрежа, и тоа во износ од 64.963.226 денари (15,9%). Штетниот коефициент на Внатрешната продажна мрежа изнесува 40,8%, додека Надворежната мрежа бележи штетен коефицент од 47,5% (Брокерите – 47,5%).

Табела бр.7 - Бруто штетен коефициент

Видови на осигурување	Бруто штетен коефициент			Промена 2015 & 2014	Промена 2015 & П2015
	2014	2015	П2015		
Осигурување од незгода	41,2%	**35,9%**	47,8%	-5,3	-11,9
Здравствено осигурување	19,2%	**24,4%**	44,9%	5,2	-20,5
Осигурув. на патнички возила(каско)	58,6%	**59,9%**	46,2%	1,3	13,7
Осигурување на пловни објекти (каско)	43,8%	**0,0%**	24,1%	-43,8	-24,1
Осигурување на стока превоз (карго)	15,7%	**2,4%**	21,9%	-13,3	-19,5
Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	19,6%	**37,5%**	33,7%	17,9	3,8
Останати осигурувања на имот	30,4%	**43,9%**	36,2%	13,5	7,7
Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	38,0%	**37,1%**	41,7%	-0,9	-4,6
Осигурув. од одговорност пловни објекти	0,0%	**0,0%**	0,0%	0,0	0,0
Осигурување од општа одговорност	80,8%	**104,4%**	985,4%	23,6	-881,1
Финансиски штети	0,0%	**0,2%**	0,0%	0,2	0,2
Осигурување на туристичка помош	33,0%	**42,7%**	34,1%	9,7	8,7
ВКУПНО	**39,1%**	**41,9%**	**56,9%**	2,8	-15,0



Табела бр.7 - Бруто штетен коефициент

4. РЕЗЕРВИРАНИ ШТЕТИ

На крајот на извештајниот период (*31 Декември 2015*), резервирани се 1.743 штети или за 8,1% повеќе отколку во истиот период претходната година. Подинамичен раст на бројот на резервираните штети бележиме кај Осигурувањето од незгода и Осигурување на имот. Споредено со минатата година бројот на резервации со состојба 31.12.2015 е најмал во класата на туристичка помош, и тоа помалку 77 резервации.

4.1. Број на резервирани штети

Табела бр.8- Број на резервирани штети

Видови на осигурување	Број на број на резервации 01.01-31.12.2014	%	Број на број на резервации 01.01-31.12.2015	%	Индекс 2015/2014	Ралика 2015-2014
Осигурување од незгода	123	7,6%	**152**	8,7%	123,6	29
Здравствено осигурување	0	0,0%	**1**	0,1%	-	1
Осигурув. на патнички возила(каско)	219	13,6%	**243**	13,9%	111,0	24
Осигурување на стока превоз (карго)	1	0,1%	**1**	0,1%	100,0	0
Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	46	2,9%	**46**	2,6%	100,0	0
Останати осигурувања на имот	173	10,7%	**223**	12,8%	128,9	50
Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	835	51,8%	**952**	54,6%	114,0	117
Осигурување од општа одговорност	55	3,4%	**41**	2,4%	74,5	-14
Осигурување на туристичка помош	161	10,0%	**84**	4,8%	52,2	-77
ВКУПНО	**1.613**	**100,0%**	**1.743**	**100,0%**	**108,1**	**130**

4.2. Износ на резервирани штети

Состојбата на резервираните штети на 31 декември 2015 е намалена за 1,5% во споредба со состојбата на истиот ден на 2013 година или резервацијата е помала за 5.857.072 денари (€ 95.082). Во однос на годишниот план резервациите бележат поголем износ за 109.432.737 денари (€ 1.776.505) или за 40,9% повеќе резервации. Причината за ова големо одстапување е планираната ликвидација на штетите кои се резервирани во класата на Општа одговорност, а кои не беа ликвидирани како што беше планирано.

Табела бр.9 - Резервирани штети *Во мкд*

Видови на осигурување	Бруто резервиран износ 2014	%	**Бруто резервиран износ 2015**	%	*Планиран бруто резервиран износ 2015*	%	Индекс 2015/2014	2015/План 2015
Осигурување од незгода	5.071.108	1,3%	**6.239.045**	1,7%	*5.995.565*	2,2%	123,0%	104,1%
Здравствено осигурување	0	0,0%	**7.500**	0,0%	*0*	0,0%	/	/
Осигурув. на патнички возила(каско)	25.931.776	6,8%	**19.828.820**	5,3%	*27.141.906*	10,1%	76,5%	73,1%
Осигурување на стока превоз (карго)	60.000	0,0%	**245.000**	0,1%	*0*	0,0%	408,3%	/
Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	10.927.119	2,9%	**12.279.743**	3,3%	*11.933.644*	4,5%	112,4%	102,9%
Останати осигурувања на имот	22.611.458	5,9%	**24.467.414**	6,5%	*21.589.478*	8,1%	108,2%	113,3%
Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	133.930.449	35,0%	**143.263.081**	38,0%	*140.809.950*	52,6%	107,0%	101,7%
Осигурување од општа одговорност	181.810.427	47,5%	**166.845.087**	44,2%	*59.035.400*	22,0%	91,8%	282,6%
Финансиски штети	0	0,0%	**0**	0,0%	*0*	0,0%	/	/
Осигурување на туристичка помош	2.712.557	0,7%	**4.022.132**	1,1%	*1.259.142*	0,5%	148,3%	319,4%
ВКУПНО	**383.054.894**	**100,0%**	**377.197.822**	**100,0%**	***267.765.085***	**100,0%**	**98,5%**	**140,9%**



4.3. Структура на резервирвации на штети





5. РЕОСИГУРУВАЊЕ

Друштвото во 2015 година имаше склучено повеќе различни договори за реосигурување, и тоа:

1. Непропорционален Вишок на штети договор за имотно осигурување со капацитет од 800.000 еур и ретенција од 350.000 еур

2. Пропорционален договор за имотно реосигурување на Вишок на штети на основа на Максимална можна штета над 800.000 еур со капацитет од 16.000.000 еур

3. Пропорционален договор за Имотно реосигурување на ризикот земјотрес со капацитет од 7.000.000 еур

4. Пропорецонален договор за Имотно реосигурување на посеви и плодови со капацитет од 1.000 .000 еур

5. Непропорционален договор за Вишок на штети за реосигурување на катастрофални ризици (поплава , олуја и земјотрес) со капацитет од 1.000.000 еур

6. Непропорционален Вишок на штети договор за реосигурување на домашна автомобилска одговорност, со капацитет до законски утврдените лимити

7. Непропорционален Вишок на штети договор за реосигурување на зелена карта со неограничено покритие и законски утврдените максимални суми на осигурување кај возила кои превезуваат опасни материи.

8. Непропорционален Вишок на штети договор за реосигурување на животни со капацитет од 650.000 евра и ретенција од 250.000 евра.

Покрај овие договори компанијата обезбедува и факултативно реосигурување на ризиците кои се над нејзините максималните покритија.

Во 2015 година премијата предадена во реосигурување изнесува 78,9 милиони денари. Цедираната премија во однос на 2014 година е зголемена за 10.6 %, што се должи на новите договори за реосигурување на катастрофални ризици и за реосигурување на животни.

Годишниот план на цедирана премија е исполнет со 95%.

Штетите во реосигурување во 2015 година изнесуваат 31,3 милиони денари и имаат зголемување од 105 % или за 16 милиони денари во однос на минатата година. Ова зголемување се должи на штетите настанати по договорот за реосигурување на посеви и плодови, како и на штетата за Гранит АД Скопје.

Во однос на резервациите:

- преносната премија бележи пораст за 10% во споредба со 2014 година, што е очекувано поради новиот договор за осигурување на животни и нов фронтинг аранжман склучен во ноември 2015 година кои ја покачија оваа ставка.
- резервираните штети се намалија за 11,3 % поради решавањето на големата штета за Гранит АД Скопје.
- резервите за настанати, а непријавени штети се намалени за 45% поради завршувањето на рокот за пријавување на штети од одговорност од ЕВН Македонија.

6. ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ

6.1. Бруто технички резерви

Техничките резерви на крајот на 2015 година се пресметани и издвоени во согласност со одредбите од Законот за супервизија на осигурување и Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и истите овозможуваат долгорочно исполнување на обврските од договорите за осигурување.

Техничките резерви се состојат од:

- **резерви за преносни премии**, пресметани по принципот *pro rata temporis*;
- **резерви за бонуси и попусти**; и
- **резерви за штети**, кои ги вклучуваат резервите за пријавените, а сѐуште неликвидирани штети, резервите за настанати, но непријавени штети и резервите за трошоци за штети.

Бруто техничките резерви на Друштвото на 31.12.2015 година изнесуваат 868.609.623 денари, што е за 1,7% повисок износ споредено со претходната година. Во однос на планот за 2015 година, бруто техничките резерви бележат поголем износ од 92.710.956 денари или бруто техничките резервации се повисоки од планираните за 11,9%. Исто така, со оглед на тоа што планот за полисирана премија беше за околу 27 милиони денари повисок од фактичката реализација и преносните премии се за околу 24 милиони денари пониски од планираните.

Табела бр.10 - Бруто технички резервации *Во мкд*

Видови на осигурување	Вкупно бруто технички резервации 2014	%	**Вкупно бруто технички резервации 2015**	%	*Планиран вкупно бруто технички резервации 2015*	%	Индекс 2015/2014	2015/План 2015
Осигурување од незгода	34.899.916	4,1%	**35.422.194**	4,1%	*42.074.401*	5,4%	101,5%	84,2%
Здравствено осигурување	423.447	0,0%	**324.744**	0,0%	*906.727*	0,1%	76,7%	35,8%
Осигурув. на патнички возила(каско)	75.819.824	8,9%	**70.612.032**	8,1%	*79.820.357*	10,3%	93,1%	88,5%
Осигурување на пловни објекти (каско)	112.140	0,0%	**94.178**	0,0%	*116.577*	0,0%	84,0%	80,8%
Осигурување на стока превоз (карго)	664.271	0,1%	**779.845**	0,1%	*563.781*	0,1%	117,4%	138,3%
Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	39.934.701	4,7%	**47.970.253**	5,5%	*48.014.456*	6,2%	120,1%	99,9%
Останати осигурувања на имот	49.459.640	5,8%	**55.913.390**	6,4%	*59.534.381*	7,7%	113,0%	93,9%
Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	434.612.763	50,9%	**459.299.566**	52,9%	*469.543.774*	60,5%	105,7%	97,8%
Осигурув. од одговорност пловни објекти	335.848	0,0%	**474.754**	0,1%	*377.122*	0,0%	141,4%	125,9%
Осигурување од општа одговорност	209.497.303	24,5%	**186.506.319**	21,5%	*67.184.129*	8,7%	89,0%	277,6%
Гаранциско осигурување	42.215	0,0%	**41.096**	0,0%	*27.297*	0,0%	97,3%	150,6%
Финансиски штети	713.600	0,1%	**1.681.107**	0,2%	*776.788*	0,1%	235,6%	216,4%
Осигурување на туристичка помош	7.537.395	0,9%	**9.490.145**	1,1%	*6.958.879*	0,9%	125,9%	136,4%
ВКУПНО	**854.053.063**	**100,0%**	**868.609.623**	**100,0%**	***775.898.667***	**100,0%**	**101,7%**	**111,9%**

Преносните премии на крајот на 2015 се за 13.994.983 денари повисоки во однос на крајот на 2014 година.

Резервите за штети (сѐвкупно) се на пониско ниво во однос на крајот на 2014 година за 501.321 денари. Најголемо зголемување има кај класата Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила, каде што вкупните резерви се за 21.094.028 денари повисоки во однос на крајот на претходната година. Најголемо намалување на состојбате на вкупните резервации Друштвото бележи на класата Осигурување од општа одговорност, со намалување од 23.367.035 денари.

6.2. Нето технички резерви

Нето техничките резерви (бруто технички резерви намалени за износот предаден во реосигурување) се за 5,8% повисоки во однос на претходната година, а се помали во однос на планот за 0,4%. Оттука, може да се заклучи дека промените кај вкупните нето технички резервации во однос на минатата година, како и во однос на планот се незначителни.

Табела бр.11 - Нето технички резервации *Во мкд*

Видови на осигурување	Вкупно нето технички резервации 2014	%	**Вкупно нето технички резервации 2015**	%	*Планиран вкупно нето технички резервации 2015*	%	Индекс 2015/2014	2015/План 2015
Осигурување од незгода	34.899.916	5,3%	**35.422.194**	5,1%	*42.074.401*	6,0%	101,5%	84,2%
Здравствено осигурување	423.447	0,1%	**324.744**	0,0%	*906.727*	0,1%	76,7%	35,8%
Осигурув. на патнички возила(каско)	75.819.824	11,5%	**70.612.032**	10,1%	*79.820.357*	11,4%	93,1%	88,5%
Осигурување на пловни објекти (каско)	112.140	0,0%	**94.178**	0,0%	*116.577*	0,0%	84,0%	80,8%
Осигурување на стока превоз (карго)	664.271	0,1%	**779.845**	0,1%	*563.781*	0,1%	117,4%	138,3%
Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	24.505.372	3,7%	**39.285.877**	5,6%	*35.389.679*	5,1%	160,3%	111,0%
Останати осигурувања на имот	39.574.250	6,0%	**46.946.250**	6,7%	*45.346.399*	6,5%	118,6%	103,5%
Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	434.612.763	66,0%	**459.299.566**	66,0%	*469.478.121*	67,2%	105,7%	97,8%
Осигурув. од одговорност пловни објекти	335.848	0,1%	**474.754**	0,1%	*377.122*	0,1%	141,4%	125,9%
Осигурување од општа одговорност	39.197.250	6,0%	**32.394.825**	4,7%	*17.121.037*	2,4%	82,6%	189,2%
Гаранциско осигурување	42.215	0,0%	**41.096**	0,0%	*27.297*	0,0%	97,3%	150,6%
Финансиски штети	711.271	0,1%	**1.217.349**	0,2%	*774.497*	0,1%	171,2%	157,2%
Осигурување на туристичка помош	7.537.395	1,1%	**9.490.145**	1,4%	*6.958.879*	1,0%	125,9%	136,4%
ВКУПНО	**658.435.963**	**100,0%**	**696.382.855**	**100,0%**	***698.954.874***	**100,0%**	**105,8%**	**99,6%**

6.3. Структура на технички резервации

VI. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

1. РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО

Во 2015 год. САВА осигурување оствари **позитивен финансиски резултат** од своето работење во износ од **27.913.568 денари после платениот данок**, а **31.416.495 денари добивка пред одданочување**.

Вкупните приходи од работењето изнесуваат 659.309.219 денари, што претставува пораст од 3,6% или 22.964.264 денари повеќе приходи во однос на минатата деловна година, кога приходите изнесуваа 636.344.955 денари.

Вкупните расходи од работењето во 2015 година изнесуваа 627.892.725 денари, што е за 2,4% или 14.932.748 денари повеќе од минатата 2014 година.

Табела бр. 12 - Биланс на успех

САВА осигурување а.д. Скопје

БУ: Биланс на успех

Опис на позиција	Износ		Пад/пораст (2015/2014)
	Претходна 2014 деловна година	Тековна 2015 деловна година	
1	3	2	4(2/1-100%)
А. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО	**636.344.955**	**659.309.219**	**3,61%**
I. ЗАРАБОТЕНА ПРЕМИЈА (НЕТО ПРИХОДИ ОД ПРЕМИЈА	579.151.494	611.962.443	5,67%
II. ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА	29.822.835	22.890.959	-23,24%
III. ПРИХОДИ ПО ОСНОВ НА ПРОВИЗИИ ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ	7.496.332	9.243.420	23,31%
IV. ОСТАНАТИ ОСИГУРИТЕЛНО ТЕХНИЧКИ ПРИХОДИ, НАМАЛЕНИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ	6.628.701	8.897.461	34,23%
V. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ	13.245.593	6.314.936	-52,32%
Б. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО	**612.959.976**	**627.892.725**	**2,44%**
I. НАСТАНАТИ ШТЕТИ (НЕТО ТРОШОЦИ ЗА ШТЕТИ)	248.906.650	288.328.606	15,84%
II. ПРОМЕНИ ВО ОСТАНАТИТЕ ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ	226.467	1.067.912	371,55%
IV. ТРОШОЦИ ЗА БОНУСИ И ПОПУСТИ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ	8.893.027	2.579.510	-70,99%
V. НЕТО ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО	287.826.809	277.892.489	-3,45%
VI. ТРОШОЦИ ОД ВЛОЖУВАЊА	3.392.197	809.953	-76,12%
VII. ОСТАНАТИ ОСИГУРИТЕЛНО ТЕХНИЧКИ ТРОШОЦИ, НАМАЛЕНИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ	35.670.674	35.205.824	-1,30%
VIII. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ПО ОСНОВ НА ПРЕМИЈА	3.565.681	2.516.616	-29,42%
IX. ОСТАНАТИ РАСХОДИ, ВКУЧУВАЈЌИ И ВРЕДНОСНИ УСОГЛАСУВАЊА	24.478.471	19.491.814	-20,37%
X. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПРЕД ОДДАНОЧУВАЊЕ	23.384.978	31.416.495	34,34%
XII. ДАНОК НА ДОБИВКА ОДНОСНО ЗАГУБА	2.908.844	3.502.927	20,42%
XIV. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПО ОДДАНОЧУВАЊЕ	**20.476.134**	**27.913.568**	**36,32%**







VII. ФИНАНСИСКА ПОЛОЖБА

1. АКТИВА И ПАСИВА

САВА осигурување а.д. во 2015 година работи со стабилно портфолио и адекватна структура на капитал.

Вкупните средствата на Друштвото изнесуваат 1.294.410.071 денари или €21.013.150 (2014: 1.280.090.829 денари), што е повеќе од претходната година за -14.319.241денари (€232.455) или повеќе за 1,1%.

Најзначајни ставки во билансот на состојба на Друштвото за 2014 година се:

- **Вложувањата** се во износ од 871.549.222 денари (€14.148.526). Вложувањата се зголемени во однос на минатата деловна година и тоа за 1,4% или за 11.933.605 денари. Најголемо влијание врз зголемување на вложувањата има добрата ликвидносна состојба во текот на деловната 2015 година.
- **Побарувањата** оваа деловна година се зголемени за 24% или 36.110.864 денари, и изнесуваат 186.642.326 денари (€3.029.908) главо од зголемениот обем на премија на Друштвото.
- **Бруто техничките резерви** изнесуваат 868.609.623 денари (€14.100.860) и се зголемени за 14.556.560 денари или за 1,7% во однос на крајот на 2014 година како резултат на зголемените резерви за преносни премии и резервации на штети во класата Одговорност од уптреба на моторни возила.
- **Обрските** на Друштвото се во износ од 128.152.257 денари (€2.080.394) и се помали во однос на лани за -30.803.533 денари или помалку за 19,4%. Обврските најмногу се намалени во делот на Обврски од работи за соосигурување и реосигурување, и тоа во вкупен износ од -29.535.948 денари, поради измирувањето на заостанатиот долг према Сава Ре.

Табела бр. 13 - Биланс на состојба

САВА осигурување а.д. Скопје

БС: Биланс на состојба

Опис на позицијата	Претходна деловна 2014 година	Тековна деловна 2015 година	Пад/пораст (2015/2014)
1	2	3	4 (3/2-100%)
АКТИВА			
А. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	13.615.865	10.022.870	-26,4%
Б. ВЛОЖУВАЊА	859.615.617	871.549.222	1,4%
В. ДЕЛ ЗА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ ВО БРУТО ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ	195.617.100	172.226.772	-12,0%
Д. ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА	6.247.231	4.200.194	-32,8%
Ѓ. ПОБАРУВАЊА	150.531.462	186.642.326	24,0%
Е. ОСТАНАТИ СРЕДСТВА	27.392.076	27.624.964	0,9%
Ж. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА	27.071.479	22.143.724	-18,2%
S. ВКУПНА АКТИВА	**1.280.090.829**	**1.294.410.071**	**1,1%**
И. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА	9.592.379	13.720.781	43,0%
ПАСИВА			
А. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ	258.396.122	286.449.038	10,9%
В. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ	854.053.063	868.609.623	1,7%
Д. ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ	8.524.913	10.141.956	19,0%
Ѓ.ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ	160.942	1.057.197	556,9%
Ж. ОБВРСКИ	158.955.790	128.152.257	-19,4%
И. ВКУПНА ПАСИВА	**1.280.090.829**	**1.294.410.071**	**1,1%**
J. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА	9.592.379	13.720.781	43,0%

Структура на АКТИВАТА на 31.12.2015 година



Структура на ПАСИВАТА на 31.12.2015 година



2. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ

Спрема важечката Законска регулатива (Сл.весник 79/2007) сите осигурителни друштва кои обавуваат неживотни осигурувања требаат до крајот на годината да обезбедат минимален капитал во износ од 3 милиони ЕУР во гарантниот фонд.

Во текот на 2015 година САВА осигурување а.д. бележи зголемување на вкупниот капитал на Друштвото поради остварениот позитивен финансиски резултат на крајот на 2015 година. Друштвото бележи зголемување и во останатите делови од Капиталот, и тоа во Ревалоризационите резерви, Резервите на капиталот и Нераспоредената добивка.

Табела бр. 14 - Капитал *Во мкд*

К А П И Т А Л	31.12.2012	31.12.2013	31.12.2014	31.12.2015	Индекс 2013/12	Индекс 2014/13	Индекс 2015/14
Основна главнина	307.726.518	234.072.672	234.072.672	234.072.672	76,07%	100,00%	100,00%
Резерви на капиталот		213.770	328.926	7.154.304	0,00%	153,87%	2175,05%
Ревалоризациони резерви	-44.193	801.572	2.860.536	2.999.885	-1813,80%	356,87%	104,87%
Нераспоредена добивка	-73.653.913	427.540	657.853	14.308.609	-0,58%	153,87%	2175,05%
Нераспоредена добивка од тековната година	641.310	345.468	20.476.135	27.913.568	53,87%	5927,07%	136,32%
	234.669.722	235.861.022	258.396.122	286.449.038	100,51%	109,55%	110,86%

VIII. ОПИС НА ГЛАВНИТЕ ОПАСНОСТИ И НЕСИГУРНОСТИ СО КОИ СЕ СООЧУВАШЕ ДРУШТВОТО

Во 2015 година на македонскиот осигурителен пазар, кој сеуште спаѓа во категоријата на неразвиени осигурителни пазари, се повеќе се чувствува силна конкуренција и борба на пазарот. Покрај силната конкуренција САВА осигурување успешно се бори на пазарот, остварува напредок и го држи петтото место во вкупното осигурување.

Конкуренцијата во наредниот период ќе биде силна, беспоштедна и поагресивна, поради што ќе биде неопходно да се инвестира многу повеќе во развојот, квалитетот и марктингот.

Главните оперативни опасности во 2015 година беа:

- нелојална конкуренција;
- ниска куповна моќ;
- мал финансиски пазар;
- низок степен на ликвидност на стопанските субјекти;
- општ тренд на намалување на премиските стапки, особено за учество на тендерите, кои ја кршат економската логика и рентабилноста на работењето;
- општ тренд на зголемување на просечната провизиска стапка на пазарот.

IX. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ И СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА

На ден 31.12.2015 година акционерскиот капитал на САВА осигурување а.д. Скопје изнесува 3.805.905 ЕУР. Акционерскиот капитал на САВА осигурување е поделен на 18.326 обични акции со номинална вредност на 1 акција од 207,6779 ЕУР. 1 обична акција дава право на 1 глас во Собранието на акционери на САВА осигурување, а.д. Скопје. Акционерите - сопственици на обични акции од САВА осигурување, а.д. Скопје ги имаат следниве права од акциите, и тоа:

1. Право на глас во Собранието на Друштвото,
2. Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
3. Право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

Табела бр.15 - Сопственичка структура

Акционер	Број на акции	Номинална вредност на акциите (еур)	Структура %
Позаваровалница САВА Д.Д. Словенија, Љубљана	16.940	3.518.064	92,44%
Премиум Инвест Дооел Увоз-Извоз Скопје	596	123.776	3,25%
Ѓорѓи Трајковски	287	59.604	1,57%
Еуростандард Банка Скопје	237	49.220	1,29%
Крсте Таневски	135	28.037	0,74%
Друштво за трговија и услуги ФМГ Гроуп ДООЕЛ Скопје	83	17.237	0,45%
Евроинс Осигурување	24	4.984	0,13%
Југотутун АД Скопје	13	2.700	0,07%
Ѓорѓи Јованов	11	2.284	0,06%
ВКУПНО	**18.326**	**3.805.905**	**100,0%**

Членовите на Одборот на директори немаат сопственост на акции во акционерскиот капитал на САВА осигурување.

Табела бр.16 - Структура на сопственичка структура

Акционери	Број акции	% во сите издадени акции
Правни лица	17.893	97,64%
Физички лица	433	2,36%
Фондови	-	-
Вкупно:	**18.326**	**100,00%**

Денес САВА осигурување е дел од групацијата на Позаваровалница САВА Д.Д. Словенија, Љубљана која е една од најголемите реосигурителни компаниии во Централна Европа. Привилегијата да се биде дел од ваква групација е многукратна. Покрај сигурноста која ја има клиентот, тука е и многу годишното искуство во осигурителната сфера, но и перспективата за воведување на нови развојни начини на продажба на нашиот осигурителен пазар.

Изминатиот тригодишен период не потсети на комплексноста на управувањето со ризикот, што всушност е задача која што никогаш не е завршена. Исто така, се испостави дека глобализацијата сепак содржи позитивни и негативни импликации за речиси секоја економија и секоја компанија.

Покрај сите кризни ефекти и последици од брзиот напредок, Сава Ре Грпацијата има рејтинг А-, кој беше ажуриран од страна на рејтинг компанијата Standard & Poor's во Јули 2015 година, и според A.M. Best со ажуриран рејтинг А- од Октомври 2015 година.



X. РАЗВОЈ И ОЧЕКУВАН РАЗВОЈ

1.РАЗВОЈ ВО 2015

За да ја задржиме стекнатата позиција, поставуваме стабилни односи во Друштвото и се прилагодуваме на се поголемите барања на модерниот пазар. Во своето работење перманентно ги пратиме современите европски и светски трендови и воведуваме иновации во согласност со светските стандарди. Во фокусот на нашето работење и понатаму остануваат осигурениците, како и придонесот за развојот на економијата во земјата. Вложувањето во квалитетот, знаењето и вештините се компаративна предност и придобивка за клиентите/осигурениците, акционерите и вработенити.

Друштвото во работењето се базира на следните вредности:

- Доверба и интегритет;
- Задоволство на клиентите;
- Продукти кои се формираат според потребите на клиентите;
- Грижа за угледот и напредокот на Друштвото;
- Користење на вкупните способности и капацитет, за развој и остварување на добри резултати во работењето;
- Задоволство и лојалност на вработените;
- Компетентност и одговорност во работењето;

- Транспарентност во работењето;
- Тимско и успешно работење.

2. ОЧЕКУВАН ИДЕН РАЗВОЈ ВО 2016

Во 2016 година, особено ќе се развиваат конкурентските предности на пазарот, ќе се вложува во квалитетот и асортиманот на производите и во продажната мрежа, со цел нашите производи да станат подостапни за осигурениците. Во 2016 година се планира воведување на нови продукти кои се уште не се присутни на пазарот и ќе и ја дадат неопходната конкурентска предност на нашата продажна мрежа. Во технологијата на работењето ќе се имплементираат современи деловни методи и ќе се вложува во знаење и вештини на нашите вработени. Така ќе обезбедиме сигурна иднина за своите клиенти, акционери и вработени.

Квалитетот на услугите и потребите на осигурениците секогаш ќе бидат на прво место во работењето на Друштвото, а на нашите клиенти (осигуреници) ќе им се обезбедат најдобри услуги, целокупен сервис во поглед на водење на осигурувањето и ризикот. Тоа е стратегија на нашето Друштво и гаранција за идниот развој.

Во 2016 година ќе продолжиме со нашата клучна цел – подобрување на квалитетот на сопствената продажна мрежа и на Друштвото, да се развива Центарот за подршка на продажната мрежа (Контакт Центарот) и да се креира поефикасен директен маркетинг, со цел да се зголеми бројот на нови осигуреници и да се зајакне осигурителниото портфолио.

Очекуваме да го зголемиме осигурителниото портфолио со нови продукти во Банкоосигурувањето, со цел да се привлечат нови клиенти, да се задоволат потреби на населението кои досега не биле опфатени со досегашната понуда на продукти, понуда на нови производи и сеопфатен пакет на осигурувања за граѓанството и за малото стопанство. Идејата е да се постигне што поголема сегментација на пазарот и понуда на осигурувања, кои се блиски на потребите на крајните корисници.

Кај тендерската продажба во 2016 година се очекува да се задржи трендот на опаѓање заради воведување на задолжително завршување на тендерската постапка со електронска аукција (негативно наддавање). Електронската негативна аукција значи дополнително еродирање на и онака екстремно ниската просечна премија потребна за склучување на осигурување преку тендери.

Во 2016 ќе се продолжи со веќе отпочнатите активности со одредени големи правни субјекти за склучување на договори за осигурување.

Во однос на наплатата на премијата се очекува поголема ефикасност во наплатата, што произлегува и од целисходната примена на промените во подзаконската регулатива и извршувањето, како и посилната софтверска поддршка.

Во смерниците за инвестициона политика на Друштвото за 2016 година планира инвестиции во делот на отварање на други сопствени станици за технички преглед “Sava Station”. Ангажманот на Друштвото во овој сегмент е пред се во насока на подобрување на услугата и зајакнување на сопствената продажна мрежа. Во рамките на овие технички станици Друштвото ќе формира сопствени продажни единици и сопствени штетни центри.

Организациската структура на Друштвото ќе се обликува динамично, според потребите и развојот. Во следната година ќе се работи и на хармонизацијата на сите делови на Друштвото, бидејќи тоа претставува битен фактор за успешно функционирање и координација на системот.

Со овие промени се очекува да се постигнат подобри резултати, поголема ефикасност, а со тоа и зголемување на задоволството на клиентите.

3.ОДНОСИ СО СТРАНКИТЕ

Задоволството на странките треба да биде наша основна вредност. Треба да го оптимизираме квалитетот на услугите и да ја зајакнеме лојалноста со странките.

Во односите со странките треба да ја зголемиме осигурителната култура и да го развиваме сегментарниот и индивидуален пристап до странките, да воведеме мултиканална продажба и да го поедноставиме процесот на продажба.

За целосно задоволување на потребите на осигурениците треба да развиваме осигурително-финансиски центри со широка понуда на финансиски услуги.

XI. ОСТАНАТИ ПОДАТОЦИ ЗНАЧАЈНИ ЗА РАБОТЕЊЕТО

1.ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА



2.ПОДРУЖНИЦИ НА ДРУШТВОТО

САВА осигурување а.д. Скопје на крајот на 2015 година располага со 41 подружници низ Република Македонија, и тоа со следниве локации:

1. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Три Бисери, со седиште во Скопје, на ул.Булевар Јане Сандански бр.7 ТЦ-Три Бисери Скопје,
2. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Гостивар, со седиште во Гостивар, на ул.Браќа Ѓиноски бр.185 Гостивар,
3. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Гостивар 1, со седиште во Гостивар, на ул.Борис Кидрич бб Гостивар,
4. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Дирекција Скопје, со седиште во Скопје, на ул.Загребска бр.28-А Скопје,
5. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Стара телевизија, со седиште во Скопје, на ул.Никола Парапунов бб Скопје,
6. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Ресен, со седиште во Ресен, на ул.29-ти Ноември бр.30/ГТЦ Ресен,
7. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Виница, со седиште во Виница, на ул.Никола Карев бб Виница,
8. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Берово, со седиште во Берово, на ул.23-ти Август бб Берово,
9. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Велес, со седиште во Велес, на ул.Владимир Назор бр.2 Велес,
10. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Струмица 2, со седиште во Струмица, на ул.Климент Охридски бб Струмица,
11. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Тетово, со седиште во Тетово, на ул.Јане Сандански бр.101 Тетово,
12. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Свети Николе, со седиште во Свети Николе, на ул.Кумановска бр.66 Св.Николе,
13. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Пробиштип, со седиште во Пробиштип, на ул.Миро Барага бр.1 Пробиштип,
14. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Струмица 1, со седиште во Струмица, на ул.Ленинова бр.96 Струмица,
15. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Куманово, со седиште во Куманово, на ул.Ленинова бр.2 лок.4 Куманово,
16. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Делчево, со седиште во Делчево, на ул.Булевар Македонија бб Делчево,
17. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Гевгелија, со седиште во Гевгелија, на ул.Маршал Тито бр.55 Гевгелија,
18. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Прилеп, со седиште во Прилеп, на ул.11-ти Октомври бр.80 Прилеп,
19. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Струмица, со седиште во Струмица, на ул.24-ти Октомври бр.46 Струмица,
20. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Охрид, со седиште во Охрид, на ул.Димитар Влахов бр.1 Охрид,
21. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Грација, со седиште во Скопје, на ул.Максим Горки бр.10 Скопје,
22. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Штип, со седиште во Штип, на ул.Кеј Маршал Тито бб Штип,
23. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Радовиш, со седиште во Радовиш, на ул.Булевар Александар Македонски бб Радовиш,
24. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Ќафасан, со седиште во Струга, на Граничен премин Ќафасан, Струга,
25. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Струга, со седиште во Струга, на ул.ЈНА бр.26А, Струга,

26. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Тетово 1, со седиште во Тетово, на ул.29-ти Ноември бр.108, Тетово,
27. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Охрид 1, со седиште во Охрид, на ул.Лазо Трпоски б.б., Охрид,
28. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Демир Хисар, со седиште во Демир Хисар, на ул.Битолска бр.27А., Демир Хисар,
29. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Кавадарци, со седиште во Кавадарци на ул.7-ми Септември бр. 41-1/1, Кавадарци,
30. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Автокоманда, со седиште во Скопје на ул.16-та Македонска бригада бр.22 Скопје и
31. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Карпош, со седиште во Скопје на ул.Партизански одреди бр.62-2/13, Скопје.
32. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Ченто, со седиште во Скопје на ул.Јужноморавски бригади бр.1, Скопје.
33. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Дебар, со седиште во Дебар на ул.Братство единство бр. 1, Дебар.
34. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Кичево, со седиште во Кичево на Бул. Ослободување бр. 81, Кичево.
35. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Охрид 2, со седиште во Охрид на ул.Илија Смически бр. 1. С. Лескоец, Охрид.
36. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Битола, со седиште во Битола на ул.Јосиф Христовски ББ, Битола.
37. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Крушево, со седиште во Крушево на ул.Коча Миленку бр.72, Крушево.
38. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Илинден, со седиште во Илинден на ул.Трница бр.1, Илинден.
39. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Велес 1, со седиште во Велес на ул.Моша Пијаде бр.13, Велес.
40. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Лажани, со седиште во Лажани на ул.Трска бр.1/1, Долнени.
41. САВА осигурување а.д. Скопје - Подружница Куманово 1, со седиште во Куманово на ул.Козјачка бр.7, Доброшане, Куманово.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОДАЖНАТА МРЕЖА

САВА осигурување во секторот продажба располага со добро развиена мрежа на агенти во Скопје и во 41 подружница во градовите низ Републиката. Патот на постигнатите резултати беше тежок, но се работеше за млада и амбициозна екипа која имаше доверба во себе и во одговорните кои беа со нив.

Агентската мрежа во Скопје, продажбата ја почна ставајќи акцент на физички лица и на мали и средни претпријатија, и тоа: осигурување на имот, возила, незгода и осигурување на имотот на вработените. Изградени се добри односи со осигурениците и во наредниот период не се очекуваат проблеми од аспект на продажбата, обнова на полиси и ширење на продажбата.

Продажната мрежа, односно продажбата на осигурување се врши во Секторот за продажба во Скопје и во подружниците во поголемите градови низ Републиката и продажните места - шалтери во помалите градови, и тоа со:

- 68 редовно вработени агенти;
- 43 надворешни агенти;
- 25 брокерски друштва;
- 3 деловни банки;
- 64 туристички агенции,
- 1 увозник на возила;

- 1 агенции за застапување во осигурување;
- и останати канали на продажба.

Агентите продолжија со добрата практика - еден вработен со еден клиент и можност за пружање целосна услуга од сите видови на осигурување. На вработените во секторот за продажба овозможено им е целосно да се фокусираат на продажбата и на работата со клиентите. Нивните резултати програмски се евидентираат и врз основа на резултатите стимулативно се наградуваат.

Од овој начин на продажба има забележливи резултати и голем број на предности меѓу кои: унифицирано работење во сите центри на продажба - подружници, зголемен квалитет на услугата, брзо, квалитетно и навремено изготвување на понудите и пресметките по електронски пат, ефикасна контрола на изготвените полиси, зголемена контрола во наплатата на полисираната премија и пред се остварени добри односи со клиентите. Воспоставената деловна соработка е доста успешна и резултира со зголемен број на договори и полиси.

4. УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Стратешки насоки од областа на управување со човечки ресурси

Во САВА осигурување, а.д. Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото) ги следиме следните стратешки насоки во областа на управувањето со човечките ресурси, и тоа:

- развој на HR функцијата во Друштвото,
- развој на организациската култура,
- развој и обука на вработените на сите нивоа во организацијата,
- грижа за безбедноста и здравјето на вработените и
- почитување на правата на вработените согласно Законот за работни односи и општиот колективен договор.

Клучни активности од областа на управување со кадри во 2015 година

Во 2015 година во областа на управувањето со човечките ресурси се фокусиравме на следниве активности, и тоа:

- нови вработувања и престанок на постоечки вработувања,
- обуки на вработените на сите нивоа во Друштвото,
- различни модели на мотивирање и наградување на вработените (зголемување на платата на работникот, унапредување во работната позиција, парични награди, посета на обуки и сл.).

4.1. ВРАБОТУВАЊЕ И СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

Главно вработувањата во текот на 2015 година во најголем дел се однесуваа на нови вработувања заради потребите на продажбата следејќи ја политиката на Друштвото за развој на сопствената продажна мрежа, а помал дел на трансформација на веќе вработени во Друштвото од определено на неопределено време. Престанокот на вработувањата во најголем дел се однесува на лица кои не постигнале задоволителни резултати во своето работење со што не им е продолжен договорот за вработување во Друштвото, а помал дел на самоиницијативно заминување од Друштвото. Најголемиот дел од флуктуацијата на вработени се случува во Секторот за продажба, и тоа во агентската мрежа. Во 2015 година не е направена реорганизација во ниеден дел од работењето на Друштвото.

4.1.1. Број на вработени во Друштвото

На 31.12.2015 година вкупниот број на вработени лица во Друштвото изнесува 196, што претставува за 26 вработени лица повеќе во однос на претходната година и 3 вработени повеќе во однос на планот за 2015 година.

Политиката на вработување во 2015 година беше непосредно поврзана со потребите на работата, односно поврзана со обемот на активности во делот на продажбата и адекватната поддршка која треба да ја добива Друштвото од другите сектори, а главната цел е мотивација, усовршување и оптимално користење на потенцијалот на вработените.

Во САВА осигурување во сите сектори и самостојни служби во текот на 2015 година беше евидентирана следнава состојба на вработени, и тоа:

1. **Секторот за Штети** на 31.12.2015 год. брои 12 вработени, еден вработен повеќе во однос на 31.12.2014 год. и еден повеќе во однос на Планот за 2015 година,
2. **Во Секторот за продажба** бројот на вработени на 31.12.2015 год. изнесува 145 вработени, и тоа за 28 вработени повеќе во однос на 31.12.2014 година,
3. **Секторот за развој и превземање на ризици** на 31.12.2015 година брои 11, исто со состојбата на 31.12.2014 година,
4. **Секторот за финансии и сметководство** брои 7 вработени, ист број на вработени со состојбата на ден 31.12.2014 година и во однос на Планот за 2015 година,
5. **Секторот за општи и правни работи** брои 7 вработени на 31.12.2015 година и истиот е непроменет во однос на 31.12.2014 година и во однос на Планот за 2015 година и
6. **Бројот на вработени во Управата на Друштвото, Самостојните служби за контролинг, актуарски работи, внатрешна ревизија, наплата и ИТ процеси** на ден 31.12.2015 година е ист како и бројот на вработени во однос на 31.12.2014 година и ист со Планот за 2015 година.

Табела бр.17 - Број на вработени

Број на вработени	дек.14	дек.15	Разлика 2015-2014
Кабинет на Извршен директор	4	**4**	0
Продажба - застапници	49	**60**	11
Продажба - склучување и превземање на ризик за комплексни осигурувања, реосигурувања	1	**2**	1
Продажба - раководство (менаџмент), шефови на регионални центри	17	**18**	1
Поддршка на продажба, администрација, реклама и останато	48	**60**	12
Продажба - комерцијалисти, референти	6	**7**	1
Книговодство на премии и штети	3	**3**	0
Управување со побарувања и наплата	3	**3**	0
Тарифирање	0	**0**	0
Штети и регреси	11	**12**	1
ИТ и работни процеси	2	**2**	0
Финансии	3	**3**	0
Сметководство	4	**4**	0
Контролинг	2	**2**	0
Општи и кадровски работи	6	**6**	0
Купување и одржување на одновни средства	1	**1**	0
Внатрешна ревизија	1	**1**	0
Актуарство	1	**1**	0
Управување со ризик	0	**0**	0
Усогласеност со работење	1	**1**	0
Развој	7	**6**	-1
Тотал	170	**196**	26

Табела бр.18 - Број на вработени по Еквивалент на полно работно време

Еквивалент на број на вработени	дек.14	дек.15	Разлика 2015-2014
Кабинет на Извршен директор	4	**4**	0
Продажба - застапници	46	**54**	7
Продажба - склучување и превземање на ризик за комплексни осигурувања, реосигурувања	1	**2**	1
Продажба - раководство (менаџмент), шефови на регионални центри	16	**18**	1
Поддршка на продажба, администрација, реклама и останато	46	**55,75**	8,75
Продажба - комерцијалисти, референти	6	**7**	1
Книговодство на премии и штети	3	**3**	0
Управување со побарувања и наплата	3	**3**	0
Тарифирање	0	**0**	0
Штети и регреси	11	**12**	2
ИТ и работни процеси	2	**2**	0
Финансии	3	**3**	1
Сметководство	0	**3,75**	-0,25
Контролинг	2	**2**	0
Општи и кадровски работи	5	**6**	1
Купување и одржување на одновни средства	1	**1**	0
Внатрешна ревизија	1	**1**	0
Актуарство	1	**1**	0
Управување со ризик	0	**0**	0
Усогласеност со работење	1	**1**	0
Развој	6	**6**	0
Тотал	162	**185,5**	23,5

4.1.2. Број на вработени во Друштвото врз основа на типот на вработеност (скратено/полно работно време)

Табела бр.19 - Број на вработени по типот на вработеност

Вработени по типот на вработеност	2014		2015	
	Број	Во (%)	Број	Во (%)
Скратено работно време	1	0,6	19	9,7
Полно работно време	169	99,4	177	90,3
Вкупно	**170**	**100**	**196**	**100**

Табела бр.20 - Еквивалент на вработени по типот на вработеност

Еквивалент на вработени по типот на вработеност	2014		2015	
	Број	Во (%)	Број	Во (%)
Скратено работно време	1	0,6	10,5	5,7
Полно работно време	161	99,4	175	94,3
Вкупно	**162**	**100**	**185,5**	**100**

4.1.3. Вработени во Друштвото врз основа на степенот на образование

Табела бр.21 - Број на вработени по степен на образование

Степен на образование	2014		2015	
	Број	Во (%)	Број	Во (%)
I-IV - Степен		0	1	0,5
V- Степен	54	31,8	73	37,2
VI- Степен	5	2,9	6	3,1
VII- Степен	101	59,4	105	53,6
Магистри и Доктори	10	5,9	11	5,6
Вкупно	**170**	**100**	**196**	**100**

Табела бр.22 - Еквивалент на вработени по степен на образование

Степен на образование	2014		2015	
	Број	Во (%)	Број	Во (%)
I-IV - Степен		0	1	0,5
Подружници се сите ентититети во кои Друштвото има моќ да владее со финансиските и оперативните политики, главно пропратена со сопственост на повеќе од половина од гласачките права. Постоењето и ефектот од потенцијалните гласачки права кои што во моментот се на располагање или пак можат да се конвертираат се земат во предвид при утврдувањето дали Друштвото има контрола над ентитетот. Набавната вредност на стекнатитот ентитет се утврдува според објективната вредност на дадените средства, издадени капитални инструменти и обврските настанати или претпоставени на датумот на размената, зголемена за трошоците кои директно може да се припишат на стекнувањето. Во одделните финансиски извештаи на Друштвото, вложувањата во подружницата се прикажани по набавна вредност намалена за обезвреднување на вредноста. Алоцираните ефекти кои ја надминуваат акумулираната добивка на подружницата се сметаат како поврат на вложувањето и се признаваат како намалување на набавната вредност на вложувањето.

3. **Значајни сметководствени политики**

Сметководствените политики наведени подолу се конзистентно применети за сите периоди презентирани во овие финансиски извештаи.

(**а**) **Класификација на договорите за осигурување**

Договори за осигурување се договори со кои Друштвото прифаќа значителен ризик од осигурување од другата договорна страна (осигуреникот), согласувајќи се да го обештети осигуреникот доколку определен неизвесен иден настан (осигурен настан) неповолно влијае на осигуреникот. Ризикот од осигурување се разликува од финансискиот ризик. Финансискиот ризик е ризик од можни идни промени на една или повеќе од специфицираните каматни стапки, цените на хартиите од вредност, цените на добрата, курсевите на странски валути, индексот на цените или стапките, кредитниот рејтинг или кредитниот индекс или друга променлива компонента, која се менува во случај на нефинансиска променлива која што не се однесува на договорната страна. Осигурителните договори можат да носат и финансиски ризик.

Ризикот од осигурување е значителен ако, и само ако, осигурениот настан може да предизвика, Друштвото да плати значителни дополнителни користи. Доколку еден договор се класифицира како договор за осигурување тој останува класифициран како договор за осигурување се додека сите права и обврски од истиот не згаснат или истечат.

(б) **Договори за осигурување**

(и) Признавање и мерење

Премии

Бруто полисирани премии го рефлектираат работењето во текот на годината и не вклучуваат даноци или обврски по основ на премии.

Заработениот дел од премиите се признава како приход. Премиите се заработени од датумот на настанување на ризикот за времетраење на периодот на обештетување, врз основа на моделот на преземени ризици. Пренесената премија за реосигурителот се признава како трошок во согласност со моделот на добиени услуги од реосигурителот во истиот сметководствен период како и директно поврзаната премија за соодветното осигурување.

Резерва за преносна премија

Резервата за преносна премија се состои од делот од бруто полисирани премии кој се проценува дека ќе се заработи во следната година, пресметан за секој поодделен договор за осигурување, користејќи го дневниот про-рата метод и доколку е потребно, корегиран за да ја одрази промената во настанувањето на ризикот за периодот покриен со договорот.

Штети

Настанати штети ги опфаќаат трошоците за подмирување и решавање на платени и неподмирени штети кои што произлегуваат од настани кои се случиле во тековната финансиска година заедно со корекциите на резервата за штети од претходната година.

Исплатените штети се признаваат во моментот на обработката на штетите и се признаваат во износот кој ќе биде исплатен при подмирувањето на штетата. Износот на исплатената штета во неживотното осигурување се зголемува за трошоците за обработка на штетата.

3. **Значајни сметководствени политики** (**продолжение**)

(б) **Договори за осигурување** (**продолжение**)

(и) Признавање и мерење (продолжение)

Наплатените штети кои се надоместени од трети лица и штети за кои се очекува дека ќе бидат надоместени и наплатени од трети лица се одземаат од исплатените штети.

Резервите за штети ги опфаќаат резервите на Друштвото за проценетите трошоци за подмирување на сите настанати штети на денот на извештајот за финансиската состојба без оглед дали штетите се пријавени или не, и со нив поврзаните интерни трошоци за решавање на штетите, како и соодветната маржа за внимателност. Резервираните штети се проценуваат преку прегледување на поодделни штети и определување на посебна резерва за настанатите, но непријавени штети, ефектот на интерните и екстерните предвидливи настани, како што е промената на процедурите за разрешување на штетите, инфлацијата, судските трендови, промени во законската регулатива, како и минати искуства и трендови. Резервите за штети не се дисконтираат.

Предвидените надомести од реосигурителот и проценетиот поврат се прикажани поединечно како средства. Надоместите од реосигурителот и останати надомести се проценуваат на ист начин како и пријавените штети.

Додека менахментот смета дека бруто резервите за штети и поврзаните со нив надомести од реосигурителот се објективно презентирани врз основа на податоците моментално достапни, конечната обврска ќе варира како резултат на последователни информации и настани и може да резултира со значајни корекции на резервираниот износ. Корекциите на резервите за штети направени во претходните години се рефлектираат во финансиските извештаи за периодот во кој корекциите се направени и посебно се обелоденети, доколку се материјални. Применетите методи и направените проценки, се проверуваат редовно.

(ии) Средства од реосигурување

Друштвото цедира премија во реосигурување при своето редовно работење заради намалување на потенцијалните нето загуби преку дисперзирање на ризиците. Средствата, обврските, приходите и расходите кои произлегуваат од договорите за реосигурување се презентираат одвоено од со нив поврзаните средства, обврски, приходи и расходи од договорите за осигурување, поради тоа што договорите за реосигурување не го ослободуваат Друштвото од неговите директни обврски кон осигурениците.

Само правата од договорите кои предизвикуваат значителен пренос на ризикот од осигурување се сметааат за средства од реосигурување. Правата од договорите со кои не се врши пренос на значителен дел на ризикот од осигурување се сметаат за финансиски инструменти.

Премиите за реосигурување се признаваат како трошок конзистенто со основата за признавање на премиите од со нив поврзаните договори за осигурување. За основниот осигурителен бизнис, премиите од реосигурување се признаваат како расход во текот на периодот покриен со реосигурувањето, во согласност со очекуваното однесување на реосигурениот ризик.

Делот од преотстапената премија за реосигурување што не се признава како расход се вклучува во средствата од реосигурување.

3. **Значајни сметководствени политики** (**продолжение**)

(б) **Договори за осигурување** (**продолжение**)

(ии) *Средства од реосигурување (продолжение)*

Нето износот платен на реосигурителот на почетокот на договорот може да биде помал од средствата од реосигурување признаени од Друштвото врз основа на правата од договорот за реосигурување. Разликата помеѓу премијата за реосигурителот и признаеното средство од реосигурување се вклучува во извештајот за сеопфатна добивка во периодот кога премијата од реосигурување достасува.

Износот на признаеното средство од реосигурување се мери конзистентно со мерењето на резервата за со нив поврзаните договори за осигурување.

На секој датум на известување се проценува обезвреднувањето на средствата од реосигурување. Средството се смета дека е обезвреднето доколку постои објективен доказ дека, како резултат на настан кој се случил по почетното признавање, Друштвото не е во можност да го поврати целиот преостанат износ на средството и дека настанот има влијание на износот кој Друштвото ќе го прими од реосигурителот и кој може соодветно да се измери.

(иии) *Побарувања и обврски од осигурување*

Износите кои се должат на, и побаруваат од страна на, осигурениците, агентите и други побарувања претставуваат финансиски инструменти и се вклучуваат во побарувања и обврски од осигурување, а не во резервите по договорите за осигурување.

(в) **Приходи**

(и) *Заработени премии од договори за осигурување*

Сметководствените политики за признавање на приходите од договорите за осигурување се прикажани во белешка 3(б).

(ии) *Приходи од вложувања*

Приходите од вложувања се состојат од приходите од вложувања во финансиски средства. Приходот од вложувања во финансиски средства се состои од приходи од камати и дивиденди, како и остварени добивки од финансиските средства класифицирани како расположливи-за-продажба.

(иии) *Приходи од провизии и надомести*

Приходите од провизии и надомести представуваат приходи добиени од странски осигурителни компании и Националното Биро по основ на исплатени штети како и приходи добиени од реосигурителите врз основ на договорите за реосигурување.

Приходите од провизии и надомести се признаваат кога ќе се изврши соодветната услуга.

(г) **Расходи**

(и) *Трошоци за стекнување на договори*

Трошоците за запишани премии се составени од сите директни трошоци кои произлегуваат од склучените договори за осигурување како што се провизиите за агенти и брокери вклучени во продажбата, маркетинг трошоци и трошоци за реклами.

3. **Значајни сметководствени политики** (**продолжение**)

(г) **Расходи** (**продолжение**)

(ии) *Расходи од закупнини направени за оперативен наем*

Плаќањата по основ на оперативен наем се признаваат како расход во извештајот за сеопфатна добивка според пропорционална метода во времетраење на наемот. Примените попусти се признаваат во извештајот за сеопфатна добивка како составен дел на вкупните трошоци од наемот.

(д) **Користи за вработените**

(и) *Планови за дефинирани придонеси*

Друштвото плаќа придонеси во пензиските фондови во согласност со барањата на законската регулатива. Придонесите кои се утврдуваат врз основа на платите на вработените се уплатуваат во пензиските фондови, кои што се одговорни за исплата на пензиите. Друштвото нема дополнителна обврска за плаќање по основ на овие планови. Обврските за уплата на придонеси во плановите за дефинирани придонеси се признаваат како расход во билансот на успех во периодот во кој настануваат, како дел од трошоците за вработени.

(ии) *Краткорочни користи за вработените*

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат како расход кога ќе се добие соодветната услуга. Друштвото признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како бонус или како удел во добивката доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период од вработените и доколку обврската може да се процени веродостојно.

(иии) ***Останати долгорочни користи за вработените***

Согласно македонската законска регулатива Друштвото исплаќа на вработените две просечни плати во Република Македонија во моментот на заминување во пензија. Овие користи на вработените се дисконтираат за да се утврди нивната сегашна вредност. Друштвото има направено вреднување на овие обврски со пресметка од страна на независни професионални актуари врз основа на што Друштвото признава и врши корекција на претходно признаеното резервирање. Добивките и загубите од премерувањето на резервирањето се признаваат во извештајот за сеопфатна добивка. Не постои дополнителна обврска по заминувањето во пензија.

(ѓ) **Тековни даночни средства /обврски**

Тековни даночни средства/обврски се побарувањата или обврските за данок од добивка утврдени со даночниот биланс на Друштвото за тековниот финансиски период.

Согласно измените на Законот за данок од добивка ("Сл. весник" бр.112 од 25.07.2014 година) Друштвото пресмета данок на добивка за 2015 година на бруто добивката утврдена како разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи утврдени согласно прописите за сметководство и сметководствените стандарди зголемена за непризнаените расходи за даночни цели и намалена за износот на извршените вложувања од добивката од претходната година и дивидендите остварени со учество во капитал на друг обврзник под услов да се одданочени (белешка 18).

Тековните даночни обврски се признаваат кога платениот износ на даноци за тековниот и претходните периоди е помал од износот кој што се должи за периодот кога обврската не е подмирена.

3. **Значајни сметководствени политики** (**продолжение**)

(ѓ) **Тековни даночни средства /обврски** (**продолжение**)

Стапката на данокот на добивка изнесува 10%.

Признавање на резервации за данок

Во случај на неизвесни обврски за данок, резервации се признаваат во согласност со Ме|ународен сметководствен стандард 37 - Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства, прифатен во Република Македонија (МСС 37).

(е) **Недвижности и опрема**

(и) *Признавање и мерење*

Недвижностите и опремата се мерат според набавната вредност, намалени за акумулираната амортизација и акумулираните загуби поради обезвреднување.

Набавната вредност ги вклучува трошоците кои директно можат да се припишат на набавката на средството. Купениот софтвер кој е интегрален дел од функционалноста на соодветната опрема се капитализира како дел од таа опрема.

Кога делови од ставките на недвижностите и опремата имаат различен корисен век, тие се евидентираат како одделни ставки (главни компоненти) на недвижностите и опремата.

Добивките и загубите од продажбите на недвижностите и опремата се определуваат споредувајќи ги приливите од оту|вање со сегашната вредност на недвижностите и опремата и се признаваат нето во рамките на останати приходи или останати расходи во извештајот за сеопфатна добивка.

(ии) *Последователни издатоци*

Издатоците направени за замена на дел од средството од недвижностите и опремата се признаваат во сегашната вредност на тоа средство, доколку е веројатно дека Друштвото ќе има идни економски користи од тој дел и доколку неговата вредност може да се измери веродостојно. Сегашната вредност на заменетиот дел се отпишува. Сите останати трошоци за секојдневно одржување на недвижностите и опремата се признаваат во добивката или загубата во моментот на нивното настанување.

(иии) Амортизација

Амортизацијата се пресметува на набавна вредност намалена за резидуалната вредност на средството. Значајните компоненти на индивидуалното средство се оценуваат, и доколку компонентата има корисен век различен од остатокот од средството, таа компонента се амортизира одделно.

Амортизацијата се признава во добивката или загубата по пропорционална метода во текот на проценетиот корисен век на секоја компонента од недвижностите, постројките и опремата.

(иии) Амортизација

Годишните стапки на амортизација утврдени врз основа на проценетиот корисен век на траење за тековниот и споредбениот период се како што следич

Згради	1.3%
Транспортни средства	15.5%
Компјутери	33%
Мебел и опрема	10-20%

Методите на амортизација, проценетиот век на траење како и резидуалната вредност на средствата се преоценуваат на секоја дата на известување.

3. **Значајни сметководствени политики** (**продолжение**)

(ж) **Нематеријални средства**

(и) *Признавање и мерење*

Нематеријалните средства набавени од страна на Друштвото кои имаат определен век на траење се мерат според набавната вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулираните загуби поради обезвреднување.

(ии) *Последователни издатоци*

Последователните издатоци за нематеријалните средства се капитализираат само кога ја зголемуваат идната економска корист од нематеријалните средства. Сите останати издатоци се признаваат во извештајот за сеопфатна добивка како трошоци во моментот на настанување.

(иии) *Амортизација*

Амортизацијата се пресметува на набавната вредност на средството, намалена за резидуалната вредност на средството.

Амортизацијата се признава во добивката или загубата по пропорционална метода во текот на проценетиот корисен век на нематеријалните средства, од денот кога тие се расположливи за употреба.

Годишните стапки на амортизација утврдени врз основа на проценетиот корисен век за тековниот и споредбениот период се како што следи:

Софтвер и лиценцеци	20%

Методите на амортизација, корисниот век на траење и резидуалната вредност на средствата се преоценуваат на секоја дата на известување.

(з) **Средства земени под наем - наемател**

Наемите на средства во услови кога Друштвото ги презема суштински сите ризици и награди својствени за сопственоста се класифицирани како финансиски наем. При почетното признавање средството земено под наем се мери според пониската од неговата објективна вредност и сегашната вредност на минималните плаќања за наемот. Последователно на почетното признавање, средството се евидентира во согласност со сметководствената политика применлива на тоа средство.

Сите останати наеми се класифицираат како оперативни наеми, а средствата под наем не се признаваат во извештајот на финансиска состојба на Друштвото.

3. **Значајни сметководствени политики** (**продолжение**)

(s) **Финансиски инструменти**

(и) ***Недериватививни финансиски средства***

Друштвото почетно ги признава заемите и побарувањата и депозитите на денот кога тие се настанати. Сите останати финансиски средства (вклучувајќи ги средствата определени според објективна вредност преку добивката или загубата) почетно се признаваат на датумот на тргување на кој што Друштвото станува страна на договорните одредби на инструментот.

Друштвото ги депризнава финансиските средства кога ги губи правата од договорот за паричните текови од средството, или кога ги пренесува правата на паричните текови од финансиското средство со трансакција во која се пренесени суштински сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство на друг. Секој остаток од пренесените финансиски средства кој е креиран или задржан од страна на Друштвото се признава како посебно средство или обврска.

Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот се прикажува во извештајот за финансиска состојба кога, и само кога, Друштвото има законско право да ги нетира признаените износи и има намера или да ги порамни трансакциите на нето основа или да го реализира средството и да ја порамни обврската истовремено.

Недериватививните финансиски инструменти на Друштвото се класифицираат во следните категориич заеми и побарувања и финансиски средства расположливи-за-продажба.

Заеми и побарувања

Заемите и побарувањата се финансиски средства со фиксни или предвидливи плаќања кои не котираат на активен пазар. Ваквите средства почетно се признаени по објективната вредност плус трансакциските трошоци кои директно се припишуваат на стекнувањето на финансиското средство. Последователно на почетното признавање, заемите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност со примена на методата на ефективна камата, намалена за загубите поради обезвреднување.

Заемите и побарувањата се содржат од депозити и побарувања од купувачи и другите побарувања.

Финансиски средства расположливи-за-продажба

Финансиски средства расположливи-за-продажба се недериватививни средства кои се определени како финансиски средства расположливи-за-продажба или не се квалификувани во некоја друга категорија на финансиски средства. Последователно на почетното признавање, тие се мерат по објективна вредност и промените кои произлегуваат, освен загубите поради обезвреднување, се признаваат директно во резервата за објективна вредност во капиталот. Кога вложувањето се депризнава, добивката или загубата акумулирана во капиталот се рекласификува во добивката или загубата.

Финаниските средства расположливи за продажба се состојат од сопственички и должнички хартии од вредност и удели во инвестициски фондови.

(ии) ***Недериватививни финансиски обврски***

Друштвото почетно ги признава издадените должнички хартии од вредност и субординираните обврски на датумот на кој тие настануваат. Сите други финансиските обврски (вклучувајќи ги обврските кои се по објективна вредност преку добивката или загубата) почетно се признаваат на датумот на тргување на кој што Друштвото станува страна на договорните одредби на инструментот.

3. **Значајни сметководствени политики** (**продолжение**)

(s) **Финансиски инструменти** (**продолжение**)

Друштвото ги депризнава финансиските обврски кога обврските определени во договорите се подмирени, откажани или истечени.

Не-дериватививните финансиски обврски вклучуваат останати обврски.

Таквите финансиски обврски почетно се признаваат по објективна вредност плус било какви директно поврзани трансакциски трошоци. Последователно на почетното признавање, овие финансиски обврски се мерат според амортизирана набавна вредност користејќи го методот на ефективна камата.

(i) **Парични средства и парични еквиваленти**

Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од парични средства на жиро сметка, благајна и краткорочни депозити во банки со оригинален рок на достасаност од три или помалку месеци.

(j) **Акционерски капитал**

Обични акции

Обичните акции се класификуваат како капитал. Дополнителните трошоци кои се директно поврзани со емисијата на обични акции, се признаваат како намалување од капиталот.

Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврски во периодот кога се објавени.

(**к**) **Заработка по акција**

Друштвото презентира основна и разводнета заработка по акција за своите обични акции. Основната заработка по акција е пресметана со поделба на добивката расположлива на сопствениците на обични акции на Друштвото со пондерираниот просечен број на обични акции во периодот. Разводнетата заработка по акција е утврдена со корекција на добивката или загубата расположлива на сопствениците на обични акции и пондерираниот просечен број на обични акции за ефектите од сите разводнувачки потенцијални обични акции.

(л) **Обезвреднување на средствата**

(и) ***Недериватививни финансики средства***

На секој датум на известување финансиското средство кое не е по објективна вредност преку добивката и загубата се проценува за да се утврди дали постои некој објективен доказ дека е обезвреднето. Финансиското средство се смета обезвреднето доколку постои објективен доказ дека се има случено настан на загуба после почетното признавање на средството, и дека настанот има негативен ефект на проценетите идни парични текови од тоа средство кои што можат да се проценат веродостојно.

Како објективен доказ дека финансиските средства (вклучувајќи ги и сопственичките хартии од вредност) се обезвреднети може да биде неисполнување на обврските или доцнење со плаќањата од страна на должникот, реструктуирање на износ од страна на Друштвото според услови кои Друштвото инаку не ги одобрува, индикации дека должникот банкротирал, негативни промени во платежната состојба на должниците или издавачите на Друштвото, економски услови кои кореспондираат со неисполнување на обврските или исчезнување на активниот пазар за хартии од вредност. Дополнително, за вложувања во сопственички инструменти, значителното или продолженото намалување.

3. **Значајни сметководствени политики** (**продолжение**)

(л) **Обезвреднување на средствата** (**продолжение**)

на објективната вредност под неговата набавна вредност претставува објективен доказ дека средството е обезвреднето.

Заеми и побарувања

Друштвото издвојува загуби поради оштетување согласно Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси кој стапи на сила од 1 јануари 2011 година (Службен весник број 169/2010 и 141/2013). Согласно овој правилник, Друштвото ги класификува сите поединечни побарувања по основ на премија за осигурување и побарувања по основ на регрес во категории во зависност од времето на доцнење на исполнување на обврските од страна на должникот, сметано од денот на доспевање на побарувањето. Друштвото утврдува загуба поради обезвреднување со примена на проценти кои во зависност од деновите на доцнење во интервали се пропишани во правилникот. Барањата на овој правилник се применуваат проспективно од денот на стапување во сила на истиот.

Загуба поради обезвреднување на финансиските средства мерени по амортизирана набавна вредност (останатите побарувања на Друштвото) се пресметува како разлика поме|у сметководствената вредност и сегашната вредност на очекуваните идни парични текови, дисконтирани со оригиналната ефективна каматна стапка на средството. Загубите поради обезвреднувањето се признаваат во добивката или загубата и се рефлектирани во сметката за исправка на вредноста на заеми и побарувањата. Каматата на обезвреднетите средства продолжува да се признава. Кога последователен настан (на пример плаќање на долгот од страна на должникот) предизвика намалување на износот на загубата поради обезвреднување, намалувањето на загубата поради обезвреднување се анулира преку добивката или загубата.

Финансиски средства расположливи за продажба

Загубите поради обезвреднување на финансиските средства расположливи за продажба се признаваат со рекласификација на загубите акумулирани во резервата за објективна вредност во капиталот. Кумулативната загуба која е рекласификувана од главнината во добивката или загубата е разликата поме|у набавната вредност при стекнувањето нето од сите плаќања во однос на главницата и амортизацијата, и тековната објективна вредност, намалена за сите загуби поради обезвреднување претходно признаени во добивката или загубата. Промените во исправка на вредноста како резултат на временската вредност на парите се признаваат како компонента на приходи од камати.

Доколку во последователен период, загубата поради обезвреднување на расположливите-за-продажба должнички инструмети се намали, загубата се анулира низ добивката или загубата.

Сепак, секое последователно зголемување на објективната вредност на обезвреднети расположливи-за-продажба сопственички хартии од вредност се прикажува во резервата за објективна вредност во капиталот.

3. **Значајни сметководствени политики** (**продолжение**)

(л) **Обезвреднување на средствата** (**продолжение**)

(ии) ***Не-финансиски средства***

Сметководствената вредност на нефинансиските средства на Друштвото, се проценува на секој датум на известување за да се утврди дали постои било каква индикација според која некое средство може да биде обезвреднето. Доколку таква индикација постои, тогаш се проценува надоместувачкиот износ на средството. Загуба поради обезвреднување се признава кога сметководствената вредност на средството или неговата единица која генерира пари го надминува неговиот надоместлив износ.

Надоместувачкиот износ на средството или единицата која генерира пари е поголемата од неговата употребна вредност и неговата објективна вредност намалена за трошоците за продажба на средството. При проценката на употребната вредност, проценетите идни парични текови се дисконтираат до нивната сегашна вредност со употреба на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за средството или единицата која генерира пари.

За целите на тестирање на загубите поради обезвреднување, средствата кои неможат да се тестираат индивидуално се групирани заедно во најмалата група на средства којашто генерира парични приливи од континуирана употреба коишто во голем степен се независни од паричните приливи од други средства или единица која генерира пари.

Загубите поради обезвреднување се признаваат во извештајот за сеопфатна добивка. Загубата поради обезвреднување се анулира доколку постои промена во проценките користени за утврдување на надоместувачкиот износ.

(**љ**) **Резервирања**

Резервирање се признава доколку, како резултат на минат настан, Друштвото има сегашна законска или изведена обврска која може веродостојно да се измери, и за кој веројатно е дека ќе постои одлив на ресурси кои содржат економски користи за подмирување на обврската. Резервирањата се одредени со дисконтирање на очекуваните идни парични текови користејќи дисконтна стапка пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и оние ризици, специфични за обврската. Зголемувањето на дисконтираната вредност се признава како финансиски трошок.

Резервирање за неповолен договор се признава кога очекуваните користи кои што се очекува да се примат од страна на Друштвото од истиот договор се помали од неизбежните трошоци за исполнување на обврските утврдени со договорот. Резервирањето се мери според сегашната вредност на пониските од очекуваните трошоци за раскинување на договорот и очекуваните нето трошоци за продолжување на договорот. Пред резервирањето да биде воспоставено, Друштвото признава секаква загуба за обезвреднување на средствата кои се поврзани со договорот.

(**м**) **Известување по сегменти**

Оперативен сегмент е компонента на Друштвото вклучена во деловни активности од кои може да заработува приходи и да прави расходи, вклучувајќи приходи и расходи поврзани со трансакции со било кои компоненти на Друштвото. Оперативните резултати на оперативните сегменти на Друштвото редовно се прегледуваат од страна на Одбор на Директори на Друштвото со цел за донесување на одлуки во врска со алокација на ресурсите на сегментот и оценување на нивната успешност, и за кои се расположливи дискрециони финансиски информации. Друштвото има само еден известувачки сегмент.

4. **Сметковдствени проценки и расудувања**

Друштвото прави проценки и претпоставки кои влијаат на износите на средствата и обврските во наредната финансиска година. Проценките и со нив поврзаните претпоставки постојано се предмет на преоценување и се темелат на минато искуство и други фактори, вклучувајќи ги очекувањата за идните настани за кои се верува дека се извесни во соодветните околности.

(и) Клучни извори на несигурност во проценките

Подолу се презентирани проценките и претпоставките во врска со обврските по основ на осигурување. Во белешката 5 се обелоденети факторите на ризик кои произлегуваат од овие договори.

Резерви по договори за осигурување

Претпоставките кои влијаат на прикажаните износи на средства и обврски од осигурување се користат за да се утврди резервата по договори за осигурување, која е доволна за да се покријат обврските кои можат да произлезат од договорите за осигурување, доколку тие можат да се предвидат.

Сепак, земајќи ја во предвид неизвеснота при утврдувањето на резервацијата на неподмирени штети, возможно е крајниот резултат да се разликува од претходно утврдената обврска.

Општи договори за осигурување

На датумот на извештајот за финансиската состојба се одредуваат резерви за очекуваните трошоци за подмирување на сите штети кои настанале се до тој датум, без оглед дали се пријавени или не, вклучувајќи ги и трошоците за разрешување на штетите, намалени за износите кои се веќе исплатени.

Резервите за штети не се дисконтираат за временската вредност на парите.

Изворите на податоци употребени како влезни информации за градење на претпоставките се типични и интерни за Друштвото, притоа применувајќи детални анализи кои се прават најмалку еднаш годишно. Претпоставките се проверуваат со цел да се утврди дали се конзистентни со информациите од пазарот или други објавени информации.

Друштвото обрнува посебно внимание на тековните трендови.

Проценката на настанатите, но сеуште непријавени штети (“IBNR”) генерално е предмет на повисок степен на несигурност во однос на проценките на пријавените штети, за кои што Друштвото располага со повеќе информации. IBNR штетите многу често може да станат видливи за Друштвото дури по неколку години по случувањето на настанот кој ја предизвикал таа штета.

Секоја пријавена штета се проценува пооделно, земајќи ги во предвид условите во кои настанала штетата, информациите достапни од проценителите на штети и минатите искуства за големината на слични штети. Проценките по пооделните предмети редовно се прегледуваат и се ажурираат со нови информации.

Потешкотиите при проценувањето на резервите се разликуваат кај различните класи на осигурување од повеќе причини, вклучувајќи ги следниве:

4. **Сметковдствени проценки и расудувања** (**продолжение**)

Резерви по договори за осигурување (продолжение)

- Разлики во условите на договорите за осигурување;
- Различна сложеност на штетите;
- Разлики во тежината на секоја штета;
- Разлики во периодот поме|у настанувањето и пријавувањето на штетите.

Кај одредени класи на осигурување може да постојат значајни одолговлекувања од моментот на пријавување на штетата до моментот на разрешување на истата, така да не може со сигурност да се знаат конечните трошоци на датумот на извештајот за финансиската состојба.

Вредноста на резервите за настанати а сеуште непријавени штети се проценуваат со примена на статистички методи. Овие методи го екстраполираат развојот на платените и настанати штети, просечниот трошок по штета и конечниот број на штети за секоја година во која се случуваат несреќите, врз основа на набqудувањата на развојот во претходните години и очекуваните коефициенти на штети.

Клучниот статистички метод кој се применува е методот на верижно скалило - (Chain ladder method) кој користи историски податоци за проценување на очекуваниот исход на платените и настанати штети.

Примената на историски податоци подразбира дека начинот на развој на штетите ќе се повторува и во иднина. Поради тоа што ова не е секогаш така, методите на проценка се менуваат во зависност од условите. Причините може да бидат:

- Економски, правни, политички и социјални трендови (кои резултираат со, на пример разлики во очекуваното ниво на инфлација);
- Промена во портфолиото на договорите за осигурување;
- Влијанието на големите загуби.

Штетите од општите договори за осигурување се плаќаат по настанување на штетата. Договорите се склучуваат на кратки рокови, најчесто за период од една година, при што Друштвото има обврски по сите настанати осигурани настани за времетраењето на договорот.

Пократкиот рок на разрешување на овие штети му овозможува на Друштвото да има поголема сигурност при проценката на трошоците за штети и да пресметува помало ниво на резерви за настанатите, но сеуште непријавени штети.

Претпоставки

Клучна претпоставка при проценките на Друштвото е искуството со развојот на штетите во минатото. Ова вклучува претпоставки за просечните трошоци за штети, трошоците за решавање на штетите, факторот на инфлацијата и бројот на штети во секоја година. При утврдувањето до која мера влијаат надворешните фактори, како што се судките одлуки и законската регулатива врз проценките се користи расудување.

Клучни сметководствени расудувања во примената на сметководствените политики на Друштвото

Одредени клучни сметководствени расудување во примената на сметководствените политики на Друштвото се презентирани подолу.

4. **Сметковдствени проценки и расудувања** (**продолжение**)

Класификација на договорите за осигурување

Договори за осигурување се договори со кои Друштвото прифаќа значителен ризик од осигурување од другата договорна страна (осигуреникот).

Класификација на финансиските средства и обврски

Сметководствените политики на Друштвото овозможуваат финансиските средства и обврски да бидат класифицирани во одредни категории, во зависност од условите.

(иии) Анализа на сензитивност

Друштвото го има проценето влијанието на промената на одредени клучни варијабли врз добивката или загубата за годината, капиталот и коефициентот на покриеност.

Споредбено со тековната позиција на капиталот, добивката или загубата за годината, коефициентот на покриеност и солвентност со сопствениот капитал на 31 декември 2015 година и 31 декември 2014 година се презентирани во табелата подолу.

За годината завршена на 31 декември 2015

	Добивка за годината	**Капитал и резерви**	**Потребно ниво на маргина на солвентност**	**Коефициент на покриеност**	**Промена на коефициент на покриеност**
Тековна позиција на капиталот	27.913.568	286.449.038	111.483.539	257%	
Принос од вложувања (+200 п.п.)	28.371.387	286.906.857	111.483.539	258%	1%
Принос од вложувања (-200 п.п.)	27.455.748	285.991.218	111.483.539	257%	0%
5% зголемување на настанати штети	13.443.742	271.979.212	111.483.539	244%	-13%
5% намалување на настанати штети	42.383.393	300.918.864	111.483.539	270%	13%
2% зголемување на вкупните трошоци	21.195.234	279.730.704	111.483.539	252%	-5%
2% намалување на вкупните трошоци	34.631.901	293.167.372	111.483.539	263%	6%

За годината завршена на 31 декември 2014

	Добивка за годината	**Капитал и резерви**	**Потребно ниво на маргина на солвентност**	**Коефициент на покриеност**	**Промена на коефициент на покриеност**
Тековна позиција на капиталот	20.476.135	258.396.122	107.307.322	241%	
Принос од вложувања (+200 п.п.)	21.072.592	258.992.579	107.307.322	242%	1%
Принос од вложувања (-200 п.п.)	19.879.679	257.799.665	107.307.322	240%	-1%
5% зголемување на настанати штети	8.019.480	245.939.466	107.307.322	229%	-12%
5% намалување на настанати штети	32.932.791	270.852.778	107.307.322	253%	12%
2% зголемување на вкупните трошоци	13.377.459	251.297.445	107.307.322	235%	-6%
2% намалување на вкупните трошоци	27.574.812	265.494.799	107.307.322	247%	6%

4. **Сметководствени проценки и расудувања (продолжение)**

(иии) Анализа на сензитивност (продолжение)

Најзначјно влијание врз (загубата)/добивката за годината, капиталот и коефициентот на покриеност има потенцијалната промена на настанатите штети и вкупните трошоци.

При извршувањето на овие анализи претпоставка е дека останатите фактори се константни, а се менува само една варијабла. Треба да се нагласи дека информациите презентирани во табелата погоре се подготвени со примена на детерминистички пристап, така да не постои корелација поме|у клучните варијабли и анализата не може да се пренесе на нив.

Каде што се смета дека варијаблите се нематеријални, не е проценето влијанието на незначајните промени на овие варијабли. Одредени варијабли може да не бидат материјални во моментот, но доколку се промени нивото на материјалност на одредна варијабла, треба да се направи проценка на влијанието на таа варијабла во иднина.

5. **Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик**

Цели на управување со ризикот и политики за намалување на ризикот од осигурување

Управувањето на Друштвото со ризикот од осигурување и финансискиот ризик се критични за работењето на Друштвото. За општите договори за осигурување целта е да се одберат средства чиј рок и износ при достасување ќе биде усогласен со очекуваните парични одливи по основ на настанатите штети по тие договори.

Главната осигурителна активност на Друштвото претпоставува ризик од загуба од лица или организации кои што се директно изложени на ризикот. Овие ризици може да се однесуваат на имот, обврска, здравје, незгода или останати ризици што може да произлезат од осигурани настани. Друштвото е изложено на неизвесноста поврзана со времето на настанување, зачестеноста и тежината на штетите што произлегуваат од тие договори. Друштвото исто така е изложено и на пазарен ризик преку осигурителните и инвестиционите активности.

Друштвото управува со ризиците од осигурување преку поставување на лимити за осигурување, процедури за одобрување на трансакции со нови производи или со кои се надминуваат поставените лимити, ценовни тарифи, централизирано управување со реосигурувањето и следење на вонредни настани.

Стратегија за запишување на полиси за осигурување

Стратегијата на Друштвото за запишување на полиси за осигурување е да се постигне дисперзија со што би се обезбедило избалансирано портфолио и кое се базира на големо портфолио со слични ризици во текот на повеќе години, со што се намалува променливоста на резултатот.

5. **Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)**

Стратегија за запишување на полиси за осигурување (продолжение)

Стратегијата на Друштвото за запишување на полиси за осигурување е презентирана во годишниот деловен план во кој се утврдени класите за осигурување, територијата на дејствување, како и индустриските сектори во кои Друштвото е подготвено да осигурува. Сите општи договори за осигурување се по природа годишни и осигурителот има право да одбие обновување или продолжување на истите, како и промена на условите на договорот при неговото продолжување.

Стратегија за реосигурување

Друштвото реосигурува дел од ризиците за осигурување за да ја контролира својата изложеност кон загуби и за да ги заштити изворите на капитал. Друштвото склучува комбинација од пропорционални и непропорционални договори за реосигурување за да ја намали нето изложеноста, и тоа од типовите вишок на штети, квотно реосигурување и вишок на ризик. Исто така Друштвото купува и факултативно реосигурување во одредени специфични случаи.

Факултативните договори мора претходно да бидат посебно одобрени и трошоците по нив редовно се следат.

Договорите за реосигурување содржат кредитен ризик и таквите средства повратени од реосигурителите, се искажуваат по утврдување на загуба за обезвреднување како резултат не настанато признаено средство. Друштвото редовно ја следи финансиската состојба на реосигурителите и периодично ги проверува договорите со реосигурителите. Раководството на Друштвото ги определува минималните безбедносни критериуми за прифатливо реосигурување и следи дали при склучувањето на договорите за реосигурување истите се запазени. Исто така раководството на Друштвото редовно ја следи успешноста на програмата за реосигурување. Кредитниот ризик на реосигурувањето е подетално објаснет подолу во оваа белешка.

Усогласеност на средствата и обврските

Законот за супервизија на осигурувањето пропишува одредени лимити во однос на политиката за усогласување на средствата и обврските на Друштвото.

Друштвото активно управува со својата финансиска позиција користејќи пристап со кој се балансира квалитетот, дисперзија, ликвидноста и повратот на вложувањата, земајќи ги во предвид лимитите одредени во Законот за супервизија на осигурувањето. Главна цел е да се усогласат паричните текови на средствата и обврските.

5. **Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)**

Усогласеност на средствата и обврските (продолжение)

